## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 1 јули 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Оломан Сулејмани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа по Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме по точката 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Бидејќи немаме услови за гласање, продолжуваме со точката 9.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за трговски друштва, со Предлог на закон.

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Замир Дика поднесе амандмани на член 98 став 1 точка 5 и 14, на член 112 за бришење став 2 и на став 5, член 128 став 2, член 138, член 153 за менување на став 2 и на насловот пред членот 154 и на член 154, член 155 став 1, член 189 став 1 точка 14, член 196 став 2 точка 1, член 198 став 2, член 203 став 1, член 257 за менување на став 2, член 262 став 6 за додавање на нов член 275-а, член 276 за менување на став 2, член 334 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, член 357 став 2, член 360 за менување на став 3, на насловот пред членот 365 и на членот 365, член 386 став 2, член 396 став 2, член 398 став 1, член 450 став 1, за бришење на насловот на членот 461, на насловот пред член 511 и на член 511 став 2 и 4, член 538 став 1 и за бришење на став 2 и за додавање на нов член 558-а по членот 558, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Замир Дика поднесе амандмани на член 215 за додавање нов став 3 и истиот го повлече.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 1 точка 5 и 14, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 112 за бришење на став 2 и на став 5, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 128 став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 138, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 153 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата. го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред членот 154 и на член 154, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 158 став 1, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 189 став 1 точка 14, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски..

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 196 став 2 точка 1, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 198 став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 203 став 1, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 257 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 262 став 6, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 275-а по членот 275, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 276 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 334 за додавање два нови став 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 357 став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 360 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 365 и член 3 65, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 386 став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 396 став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 398 став 1, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 450 став 1, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на насловот не член 461, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 511 и на член 511 став 2 и 4, поднесен од пратеникто Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Почитувани пратеници, би ве замолил за тишина да можеме да работиме. Верувам дека сугестијата ќе ја прифатите.

Го молам господинот Гештаковски, со соседниот колега, да ми дозволат да работам, ако може.

Отворам претрес по амандманот на член 538 став-1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Бидејќи претставникот на Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 558-а по членот 558, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Овој амандман е поврзан со повлечениот и не се прифаќа

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам. - Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По извршеното гласање.)

Ги молам службите да ги пребројат пратениците бидејќи вкупно гласале само 53 пратеници, а колку што гледам во салата има повеќе пратеници.

(Службите вршат пребројување на пратениците).

Колеги пратеници во салата има доволно пратеници, над 61 и можеме да преминеме на гласањето.

Амандманот повторно го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 4 пратеници, воздржано 13 а против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 558-а по членот 558, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои за гласале 44, 7 воздржано а 15 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за трговски друштва.

Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за стопански комори.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ванчо Чифлиганец.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри на Владата на Република Македонија, се извинувам заменици и помошници министри во Владата на Република Македонија.

Би било некоректно и од мене неодговорно, како долгогодишен стопанственик, менаџер во коморското организирање на Република Македонија, да не го дадам своето мислење по Предлог на законот за стопански комори. Уште повеќе колеги пратеници, бидејќи се предлага законско решени, што според мое длабоко убедување не е во функција за менување, реформи, за унапредување на коморското организирање и делуваше во севкупното работење. Туку, напротив, господо од Владата на Република Македонија нудите решение со кое треба да се разнебити истото, македонската економија и по моја длабока оценка да се елиминира влијанието на организираното стопанство за многу работи што се однесуваат не само за економската економија, почнувајќи од тековното економско работење, развојот, стопанскиот систем и на крајот, постоењето на македонската држава.

Бидејќи расправаме за еден клучен, исклучителен Предлог на закон јас пелирам, бидејќи најмногу се експонираше Министерството за економија на чие чело се наоѓа господинот Фетаи, доколку е во можност ова што денеска ќе го искажам од оваа парламентарна говорница, би сакал да се соочиме за вистината за аргументите, со фактите пред овој парламентарен дом, пред македонската јавност и ако може звонете или јавете да биде присутен како ресорен министер, затоа што донесуваме и те како битен закон за коморското организирање на Република Македонија.

Искажаното напред произлегува од до сега спроведената постапка за донесување на ова законско решение. Имено, веќе една година е актуелно прашањето за статусот на Стопанксата комора на Република Македонија што е организирана и работи според Законот за Стопанска комора, до нас донесено од ова Собрание на Република Македонија во текот на 1990 година. И покрај тој факт, веќе една година во јавноста, кога се правеше обид да се преиспитува финансирањето на комората на Република Македонија и врз основа на импровизирани заклучоци на Владата на Република Македонија, да не се примаат налозите од фирмите кои го плаќаат коморскиот придонес. Кога се оцени дека овој потег, случаен или неслучаен, избрзан од Владата на Република Македонија, не е во согласност со законските прописи во Република Македонија што важат, тогаш се правеа разни обиди да се отвори Стопанската комора на Македонија, да се маргинализира нивното место во економскиот живот, да се врши влијание на нејзините членки; активисти и менаџери кои учествуваат во работењето и да се најавува ново законско решение чија цел беше трансформација на коморското организирање и нивно поефикасно делување.

(Поради џагор во салата претседавачот предупредува на ред со

ѕвончето).

Ве молам господине потпретседателе ѕвончето помалку употребувајте го.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Чифлиганец, очигледно јас сум во улога да ви помогнам вашето излагање да биде респектирано од страна на колегите пратеници.

Колеги пратеници, ве молам за тишина, имајте мал респект кон вашиот колега кој е на говорница.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Не се работи за респект кон оној што зборува, туку спрема институцијата пратеник и Парламент, како највисок законодавен дом.

Што се однесува за односот кон комората, мене најчесто ми сметаат изјавите на одделни функционери, изјави во средствата за информирање дека Коморатеа е некоја група на луѓе, лоби група, нетрансформирана организација, со што се оспорува легитимитетот на постојната коморска организација и членовите во органите, телата и облиците на оргаизирањето. Зошто ми сметаат такви изјави? Ми сметаат затоа што Стопанската комора на Македонија е организирана со закон кој го има донесено Собранието на РМ, во далечната 1990 година. Така според овој закон Комората е организирана врз основа на пазарните принципи и усогласена во организацијата, според моделот на Комора од Западно Европските држави. Посебно е применет Австриско-Германскиот модел. Ние постојано се повикуваме на развиените европски земји, а во овој момент Стопанската комора на Македонија, поголем дел е организирана на принципите на Австриско-германскиот модел. Сите ние парламентарци и одговорни функционери должни сме да ги почитуваме законите, а да не се однесуваме спротивно на тоа што е наша уставна и законска обврска. Секо непочитување значи ставање на поединец над законот, Министерство над законот, Владата над законот, а тоа не донесе во исклучително тешка состојба во нашето работење и резултатите што ги постигнавме на секој план. Тоа, колеги пратеници го зборувам поради фактот што имаше изјави во јавноста, во последните две-три недели, па и месеци од страна на министерот за економија г-динот Фетаи дека Стопанската комора на Македонија за него нз постои, со образложение дека тоа е организација на поедини луѓе.

Јас како стопанственик сакам од ова место да кажам, незнам дали се работи за знаење или не знаење на такви поединци, дали се работи за тоа дека капацитетот им е ограничен, со што тие директно даваат придонес во негирање на сите стопански постигнати резултати и во изминатите 4 години, како актуелна власт, за изминатите 10 години и за изминатите 60-80 години од постоењето на стопанското организирање во РМ и кога не сме имале држава.

Да кажам нешто и за нашето работење и за нашиот однос спрема такви крупни закони и промени кои треба да се донесат.

Започнување на постапките и започнување на телата на Собранието по однос на постапката што ја имавме за Законот за стопански комори, треба да бидеме крајно внимателни. Тоа започна во декември 2001 година, во Собраниска процедура, бидејќи во Владата, колку што знам беше во претходните неколку месеци. Од тој период имавме неколку текстови на Законот за стопански комори кои многу се разликуваат и кои за мене оставаат впечаток дека се заговараат кабинетски решенија, како да се растури една осумдецениска создадена институција, за да се елеиминира влијанието на стопанството, врз многу прашања кои се однесуваат на економијата, македонска и севкупните економски движења, што сите директно или индиректно егзистираме од тоа.

Би се задржал на последните решенија кои ги дава Владата и поедини ресорни институции.

Прво, од месец декември 2001 година, кога до Собранието се достави Предлог за донесвување на законот за стопански комори кој го определуваше јавно правниот карактер на коморското организирање и основање на 4 стопански комори. Тоа на сите нас ни е свежо во сеќавањето.

Првата Стопанска комора беше индустриско-трговската.

Втората земјоделско-шумарска.

Третата туристичко-угостителска.

Четвртата занаетчиска.

При определувањето на текстот на законот во телата на Собранието, ние како членови во тие тела надлежни за истиот, беше ускратена можноста на многумина да го дадат своето

мислење, со образложение дека во периодот од неговото донесување Министерството за економија и Стопанската комора на Македонија ќе организираат широка расправа во која македонската економија или поточно трговските друштва како најодговорни, како најповикани за оваа проблематика, а воендо и идни членки на Комората што ние ќе ги предложиме со закон, ќе имаат можност да го дадат своето мислење по текстот на законот што значи можност за нивно организирање врз современите пазарни принципи. Не зборуваме за договорна, социјалистичка или комунистичка економија, што беше истакнато во сите надлежни комисии. Мислам дека се користеше искуството на континенталниот модел на организирање на коморите, од ЕУ, Германските комори. Од таа причина тоа беше наш-ваш предлог да се вклучат претставниците на германското здружение за техничка помош. Без да се тоа спроведе, заклучокот на матичните комисии на Собранието на РМ кои ние ги имаме предложено и потврдено и усвоени пред ова Собрание, се предложи Предлог закон за стопански комори кој отстапува скоро од деветмесечната најавувана концепција за јавно-правнаиот карактер на организирање на четирите комори и можноста да се основаат и други, до колку со закон е определено. Претставниците на Комисијата тоа го потврдија. Комисијата за економска политика и развој го одложи овој предлог, со барање министерот за економија, г-динот Фетаи да даде образложение поради што е дојдено до промена на првобитниот концепт и како е можно, согласно член 9 од Предлогот, законот, основачи на Комората да бидат најмалку две правни или физички лица запишани во соодветен регистар, врз основа на дејноста која ја вршат.

Колеги пратеници, јас сега од ова место се прашувам зошто постојат и функционираат собраниските комисии, пред се мислан на Комисијата за економија и развој, Комисиајта за стопанство и останатите, ако соодветното Министерство за економија и министерот за економија г-динот Фетаи не може да го почитува нашиот предлог и ние денес без почитување на комисиите треба да притиснеме дали сме за или против. Мое длабоко убедување е дека ова решение е крајно неодговорно и ваквиот концепт на законот има основна задача да го растури коморското организирање на Македонија, да се разедини интересот на стопанството, да се отвори процесот на ршумунијада за организирањето по многу основи. Тоа за мене, колку што знам е уникатен систем и предлог на решение за коморско организирање во светот, во една држава од два милиони жители, во една економија која се помалку може да го поднесе товарат за финансирање на институции за државата, а уште повеќе за бројни коморски организации кои треба да се организираат врз основа на поединечни и лични интереси. Затоа господа од Министерството за економија, овие прашања посебно по ова прашање барам да се соочиме со вистината, да ги кажете вашите аргументи пред оваа парламентарна говорница и она што го бара нашето залагање како пратеници, во овој највисок законодавен дом.

Во оваа прилика сакам да кажам дека ќе го подржев било кое решение, ако беше поткрепено со аналитички согледувања за нешто што функционирало неефикасно и за нешто што треба да значи унапредување на коморското организирање заради поефикасно застапување на интересите на стопанството. Колку што имав прилика да проценам најголемиот дел од одредбите што се предложени и содржани во постојниот закон, не се кажува ништо ново и не може да се види што е тоа што ќе го унапреди коморското организирање во РМ, со цел респект дека постојат одредени слабости место положба, организација, финансирање. Но во новиот Предлог закон не гледаме никакво унапредвување, напротив тоа што го реков уназадување на коморското организирање на РМ. Јас тоа го зборувам како долгогодишен стопанственик, менаџер и учесник во Стопанската комора на Македонија бидејќи сум имал можност да се залагам за ставови кои најчесто не сум можел да ги пласирам во рамките на параламентот, но аналитичкото и аргументирано разработување на бројни прашања од областа на системот, тековната економска политика и развојот во Стопанската комора на Македонија, многу пати помогнале да се убедиме во исправноста од донесувањето на други решенија. Знаете зошто тоа го велам?

Стопанската комора на Македонија од воведувањето на повеќе-партискиот систем, од 1990 година, кога се организираше повеќепартиски систем едногласно се произнесе дека ќе биде

деполитизирана, дека ќе работи за македонската економија за економските тековни движења, за интересите на граѓаните на РМ. Значи при ова еволуирање на македонското севкупно општество, Комората дала директен придонес стручно, научно и креативно да помогне на државните институции, а сигурно во тие државни институти партиципираат партиите на власт, а денес знаеме кои се тие. Значи нема право било кој субјект, вклучувајки ме и мене, на една организирана Стопанска комора на РМ, посебно во повеќепартискиот систем за овие 12 години, за изминатите 60 години и за 80-ет годишното постоење на стопанското организирање, да негираме едни активности и постигнати резултати во севкупното економско движење и во севкупната македонска држава која функционира. Колеги пратеници, ако е така, ако Стопанската комора на Македонија, како што реков во изминатите 10, па и 60 години направи многу за афирмација на потенцијалите на македонската економија во странство, ако е таа членка на многубројни пошироки асоцијации, има воспоставено бројни институционални форми на соработка што се заедно ќе го определи нејзиниот авторитет, тогаш се прашувам зошто атакуваме на истата па максимално ја негираме, максимално ја девалвираме и максимално ја растураме, а не направиме подобар предлог закон за коморско организирање. Или пак, си го поставувам прашањето зошто не покажаме повеќе доблест, човечност, знаење, законското решение кое треба да го донесеме да го направиме со таква содржина што ќе помогне за уште поуспешно коморско дејствување, а за поуспешно коморско дејствување јас веќе реков на кој начин тоа требаше да се направи и секој пратеник кој малку има осет за стопанството, за економијата, ќе учествува во тоа да направиме поквлалитетен закон.

Поголем број на држави, особено оние од ЕУ, со системски и други решенија го зголемуваа авторитетот на коморското организирање, го определуваат нејзиното место во економскито систем, без разлика на моделот на организирање во еден мал дел. Во најголемито дел, колку што ми е познато е јавниот правен карактер. Значи не се работи по наши лични согледувања, по наши партиски или групни гледања или одредени дејности во стопанството. Значи треба и се даде јавнио - правен карактер на Стопанската комора на РМ, без разлика кои се членки, кои се носители и кои се експонираат во неа.

Со пренесување на бројни јавни овластувања императивно го насочуваат своето стопанство кон коморското организирање. Некои од државите дури во законите имаат ставено определба дека решенијата кои се однесуваат на економијата не може да се разликуваат од Парламентот, доколку претходно не дадат мислење членките на коморското организирање. Ние и во овој случај ќе бидеме уникатни на земнината топка. Незнам дали се работи за многу способни стручни служби во министерствата, дали се работи за способни заменици помошници, или имаат волшебни стапчиња министрите кои ги водат овие ресорни министерства, мислам дека одиме во една темница, што незнам дали има повратак. Затоа, како што реков мора да има прет тоа една транспарентна јавна расправа.

Би можел на оваа седница многу да говорам за потребите од силно коморско организирање на РМ, посебно кога се наоѓаме во најтешките услови на техничко-економско стопанисување. Треба да направиме се да создадеме авторитетно-деловно стручна организација која ќе биде сервис на стопанството, која ќе ни сигнализира за многу работи кои се однесуваат на економијата, особено за практичната апликација на системските решенија кои треба да ги донесеме. Но овој Предлог закон кој треба денес да го донесеме воопшто не содејствува со него. Треба да сватиме, сакале или не, во перспектива се повеќе треба да се одвојува, без разлика која партија е на власт, политиката од економијата, а за тоа треба да придонесеме и со закон. Тоа е предусловот за нашиот економски просперитет.

Исто така треба брзо да ја направиме неопходната дерегулација. Во таков амбиент местото и улогата на коморското организирање е повеќе отколку значајно. Со решенијата кои ние ги предлагаме како да сакаме да го направиме спротивното, коморското организирање да го вратиме назад. Не велам дека нема забелешки и дека нема место за предлози. Но тоа што се предлага најмалку содејствува со потребите на севкупното економско, тековно и стопанско движење во РМ.

Не навлегувајки во подлабоки анализи и последици за севкупното економсо работење во РМ, бидејки има бројни амандмани кои ни се доставени, кои за мене не би направиле многу за ефикасноста на законските решенија, туку имаат за цел да ги спречат катастрофалните последици од неговата примена, а јас би го свртел вниманието на едно решение кое е нонсенс.

На пример во член 34, дава право на Владата на РМ, замислете какво газдинство се изиграва, од аспект на власт, да го утврди имотот со кој располага Комората и да го пренесе на новорганизираните комори, а дел, кога ќе се определи дека е државен капитал, останува во сопственост на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ова решение како дискутабилно, можеби и можеше да се спроведе во претходниот текст на законот, што сега е значително променет, кој го определуваше јавно-правниот карактер на коморите. Сегашното решение кое дава право да се формираат бројни коморски организации, не дава можност во праксата овој член да се реализира. Вие господо од Министерството за економија морате на ова конкретно, без политика, бес политизирање, без конфузност, да одговорите со факти. Ние знаеме дека капиталот на Комората е капитал на стопанството. Комората во изминатите години, а тоа се скоро 6 децении е финансирана од страна на сите правни субјекти кои извршувале стопанска дејност. Дали е можно така создадениот имот некој да го распределува на правни и физички лица кои ќе одлучат да формираат Комора и што ќе се случи со оние комори кои ќе се формираат во одделни општини и региони. Јас знам дека оделни општини и региони во РМ, од овој имот нема да добијат затоа што нема законска регулатива. Дали иститe, канцилариите што ќе ги добијат во сегашната зграда на Комората ќе ги издаваат под наем за да обезбедат средства за егзистенција и кој ќе ги одржува постојните заеднички оснвони средства и објекти.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Определбата Комисијата на Владата тоа да го прави при постојната легитимна коморска организација со органи кои што сеуште функционираат и според законот ќе функционираат три месеци од денот на донесувањето, за мене е повеќе од дискутабилно со сомнителни намери. Затоа ние како пратеници и како Минисерство за економија треба уште еднаш да се замислиме дали тоа е во најдобар ред.

Се прашувам каков ќе биде статусот на вработените кои ги има доста во Стопанската комора кои во изминатите 10 години и повеќе дел од приходите ги остваруваа од услуги, со вложен сопствен труд, со знаење, умешност и давање помош на севкупното македонско стопанство. Дали не го газиме нивниот авторитет, дали лесно не се откажуваме од нивната стручност, бидејќи не е исто формиран кадар во државната администрација и кадар во коморското организирање, кои имаат сосема поинакви функции, луѓе кои не се дојдени по партиска линија, луѓе дојдени од стопанството кои создавале повеќе децении.

Почитувани колеги, сакам принципиелно да ме сфатите и да дадам консатруктивен придонес во донесувањето на предлогот на законот, да предочам дека овој закон отвора можности да се оспорува неговата уставност и законитост. Убеден сум и верувам, тоа јас нема да го направам, но оние кои најдирекно ќе бидат допрени и оштетени *ќе* го направат, а особено оние чии интереси се загрозени, а тие најмалку се вработените во стручната служба на Комората и огромен број на членки што учествуваат во организирањето на стопанското работење во Македонија. Убеден дока ова законско решение брзо ќе биде ставено вон сила, верувам дека и вие ќе се предомислите и ќе го повлечете овој предлог на закон, доколку се покрене таква постапка, сакам да предложам да го симнете од дневен ред без извинување, без пардон, да создадеме постапка на изјаснување на стопанството и навистина секоја членка на стопанското организирање до сега и во наредниот предлог на закон да учествува, а Парламентот 6ез разлика во кој состав да предложи решение кое ќе придонесе за уште поефикасно коморско организирање и функционирање во Република Македонија. Тоа е најбезболно што можеме во овој момент да реагираме и со издигнато чело да кажеме дека со право сме го направиле, господо од Владата на Република Македонија, а посебно Министерството за економија кое предничи во донесувањето на овој закон.

Со ваквата постапка во јавноста ќе создадеме мислење дека

сакаме, ако не постапиме така, да го одложиме законот, пред да го дадеме на јавна расправа, дека сакаме да рушиме нешто што се градело 80 години. Тоа е најстарата институција која организирано делува и во времето кога Република Македонија не била самостојна држава и тоа треба да го респектираме, затоа што светот ниту почнува ниту завршува со оваа наша генерација или со овој состава, или со вас актуелна власт, посебно во Министерството за економија.

Донесувањето на законот не е условено со ништо, освен со желбата на поединци да направиме нешто посовремено и подобро. Ако навистина интересот е таков, а не е од подруг карактер, јас верувам во вашата намера, тогаш верувам дека моите предлози ќе се прифатат и од останатите пратеници, а посебно од надлежното Министерство за економија. Да оставиме стопанството и сегашните и идните членки да го искажат своето мислење за досегашното коморско делување и да има најголемо внимание за идната коморска организација на Република Македонија, со целосен респект што било, а посебно во наредниот период. Кога ќе ги слушнеме мислењата на сите членки, кога ќе ги слушнеме сите слабости и присутни позитивни работи, мислам дека на крајот ќе донесеме еден што подобар закон за коморското организирање на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ванчо Чифлиганец.

За збор се пријави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, дами и господа, Со оглед на тоа што колегата Чифлиганец даде предлог за симнување на точката од дневен ред, јас како што го разбирам Деловникот, најнапред е потребно да гласаме за овој предлог, па да можам да продолжам со моја дебата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Очигледно, вие ќе продолжите со вашата дискусија, па после ние ќе процениме. Затоа сме тука. Повелете, продолжете.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Добро, ако е тоа така, тогаш ќе кажам неколку свои согледувања во врска со темата.

Најнапрдд, коморското организирање во Република Македонија можеби е според моделот во Германија и Австрија почнато, па во никој случај не е така и завршено. Колку мене ми е познато во Германија во Комората членуваат активни индустријалци, лица кои се сопственици, лица кои раководат со фирми и кои бдеат врз судбината над истите тие фирми, а со тоа секако и над вработените. Кај нас во Република Македонија таквиот начин на размислување, еве за 12 години, не фати корен, што не мислам дека и сега ќе се постигне со ваков закон, затоа што за судбината на фирмите, а со тоа и на вработените, не се води доволно сметка и во други домени. Оттука, обидот да се оправда постоењето на оваа стопанска комора понатаму или да се бараат достигања, мислам дека многу нема да даде ефекти, но точно е дека, какво - такво, организирано постоење на стопанско асоцирање кај нас има во Република Македонија и точно е дека стопанствениците колку - толку можат да најдат еден облик на свое изразување. Но, дострелот на тие стопанственици во Република Македонија е низок, тоа се должи можеби на тоа што не се расчистени ни финансиските прашања, дури сега ние добивме на некој начин транспарентен финансиски систем, вклучувајќи ги тука банките, платниот промет, така што можеме да се надеваме во иднина стопанствениците во својата комора, тоа што ќе го кажат да можат и да го издржат во борбата со државната власт односно со политичката власт. Засега било кој стопанственик, а стопанствениците нормално се занимаваат со транспорт на добра или со вршење на услуги, било да се произведи - еве нека се произведи од Република Македонија да се пласираат во странство, или ако се купуваат суровини од странство, да се носат во Република Македонија, стопанствениците зависат во огромна мерка од расположението на администрацијата. Тоа мора да ни биде јасно тука политиката потфрли, поточно политиката се наметна и стопанските активности се замрени, така што било кој начин на коморско организирање, па и по теркот на предложениот закон, за стопанствениците ќе значи многу малку. Тажно е да се биде во нивна кожа, тажно е да се слушаат сите маки, за какви контингенти станува збор, дека практично денес регулираниот дел е појак отколку што бил во 1990 година, односно тоа што е врзано со контингент.

Исто така, мене не мие познато дека изјаснувањето на стопанствениците е повод да се менуваат закони или некоја од праксите кои постојат. Тука е потребно да се направи сериозна анализа без пристрасност и да се набележат слабости, но и да се каже на кои места се доаѓа до нарушување на стандардното работење на една фирма.

Не би можел овој закон како што е сега предложен да го поддржам од една друга причина, Не дека неговата содржина за мене е дискутабилна, но сметам дека како избран член во Парламентот мандатот си има своја важност. Сега на истекот на мандатот ова организационо поставување на коморското работење не е на место ние да го стартуваме, токму пред да почне изборната кампања. Сите согледани негативности ако се такви, може да трпат уште 4-5 месеци и после тоа во новиот мандатен период, но веќе во првата година да се донесат ваквите измени, кои веројатно се за посакување, а некои од нив можеби и не се за доврушување. Но, политичкото мнозинство на многу легитимен начин ќе може да го направи тогаш. Сега на одминот на мандатот не би морале духовите до колку да ги разгоруваме, па да донесеме регулатива која ќе се спроведува понатаму дефинитивно без парламентарен надзор. Прашање е дали и воопшто ќе постоеше таков надзор, и да не беше ситуација на предизборие, бидејќи еве слушаме нашите колеги многу не обрнуваат внимание на тоа што ќе кажат комисиите на Собранието, а да не говориме и за други места како се произнесуваат. Но, во секој случај јас би сакал оваа тема да биде отворена после изборите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Јордан Бошков.

За збор се пријавил господинот Амди Бајрам, меѓутоа не го гледам тука.

По него за збор се пријавил господинот Љупчо Анушев. Повелете.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине потрпетседателе, колеги пратеници, како стопанственик и претседател на Надзорната комисија на Стопанската комора на Македонија навистина чувствувам потреба да кажам некој збор и свое мислење за Комората и за предлогот на законот за стопанските комори.

Меѓу другото, Надзорната комисија на Стопанската комора, на која сум јас претседател, ги верификува и годишниге завршни сметки на Комората, па од таму знам како се движат приходите и расходите на Комората. Вакви обиди за расформирање на Комората имавме многу одамна, и во времето на Владата на СДСМ имаше обиди со формирање на приватна комора да се делува на намалување на активностите на Стопанската комора на Република Македонија и тоа колегите на СДСМ добро го знаат, две години водевме борба во Стопанската комора против таквите делувања и оттогаш и почна разнебитувањето на Стопанската комора со намалувањето на нејзините активности што и носеа додатни приходи. Како што кажа и колегата Јордан Бошков, административните работи што ги оптоваруваа стопанствениците полека, полека, министрите од владите почнаа да си ги преземаат во своите министерства, така што Комората од ден на ден остануваше, и стопанствениците во Комората остануваа без инструменти да ги водат фирмите или со својата организација да им помогне во однос на царина, транспорт, дозволи, контингенти и тн. Значи, ова е почнато многу одамна. Сега, овој закон што се предлага, ако се усвои, ќе биде крај на тој дамнешен почеток.

Комората е формирана како национална комора со регионални центри и има здруженија од сите области кои ги водат стопанственици, значи бордови. Со овој начин на организирање, на предлог, со два субјекти, прво ќе се наруши тој концепт на национална комора и на национална економија, затоа што два субјекта ќе може да формираат и тие ќе бидат како трговски друштва, да претпоставам бидејќи постојано зборувам за западниот дел на Македонија, може да си направат само фирми во Западниот дел на Република Македонија и да имаме две национални комори, како што е тенденција со промените на Уставот. Она што Комората досега го има направено како информативен систем, како договарање со стопански комори со други национални комори од други земји, тоа ќе се растури. Овде ќе имаме субјекти и комори кои нема да знаат со кого ќе комуницираат надвор од Република Македонија.

Со оглед на тоа што стопанствениците во Комората никој не ги слуша, почнувајќи од Владата на СДСМ, па

и оваа Влада сега, донесувавме заклучоци, тие заклучоци останувaa на страна, ниту едниот премиер, ниту другиот премиер обрнуваше внимание на тоа што бараат стоанствениците, затоа што ако обрнуваа вниание немаше ни да дојде до ваква приватизација, ни до распад на претпријатијата. Ако ние мислиме вака Комората како е конципирана не може да суштествува, во најмал случај мислев дека навистина ќе направиме еден концепт на комора кој ќе држи вода.

Овој предлог на закон нема концепт, освен дека два субјекти можат да прават комора, нема никаков концепт, ниту поврзаност на стопанството со Владата. Постојано велиме - биди лош ученик, препиши. Имаме практика во светот како тоа се прави, имаме струкови комори. Еве, нека има повеќе комори, но струкови комори каде што бордот на директори, најсилните директори ги водат тие комори, во бордот има членови на Влада, каде мислењето на Комората е почитувано во Владата, каде е поврзано со банките, каде што тој борд размислува и за децата на вработените и на нивните членови. Да не зборуваме за пласман на производи, да не зборуваме за развој, за нови технологии и тн. Овде во овој закон тоа не го гледам.

Навистина, му предлагам на предлагачот да го повлече законот, затоа што ваков закон не е сериозен да се поднесе и овде да дискутираме. Целиот закон треба да се измени.

Прво, реков дека ќе се наруши националната концепција.

Второ, ќе се наруши информативниот систем.

Трето, ќе се наруши комуникацијата на стопанствениците со Владата. Ќе има илјада комори. Со кого ќе комуницираат тие комори надвор? Еве, Словенија има национална стопанска комора, еве го најновиот закон за Словенија. Даваме примери, ајде ќе донесеме сега пасош како во Словенија, лична карта двојазична како во Словенија. Но сега само за тоа што ни одговара ќе ја гледаме Словенија?

**ЉУПЧО АНУШЕВ:** (продолжение)

Еве сега Словенија има национална комора, зошто ние немаме национална комора? Која е потребата за вакво нешто и тоа сега, како што кажа мојот колега Бошков кога сме на крај на мандат и не можеме да ги следиме последиците од вакво нешто. Или ќе правиме сега како што правиме со личните карти и со пасошите. Пуштаме двојазична лична карта, ама пасошите не можеле, не можело ливчето за гласање. Си правиме игри овде. Може двојазична лична карта, не може, може да се менува име на земја, знаме, химна се може ама Црквата не може да влезе во правиславните Цркви, не може да има браќа и сестри.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Држете се на темата, колега.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Дајте еднаш да направиме, со темата е, благодарам, но тоа како пример е така. Исто и со овој закон.

Јас ве молам навистина да го повлечете законот затоа што овој закон ќе направи не само во нашата земја, туку и во комуникација со другите земји ршомонијада.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**

Му благодам на г. Љупчо Анушев.

За релика се јави г. Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Не бев спомнат, но имам право да му реплицирам на колегата Анушев, бидејќи беше добар излагач за коморите, имаше добри ставови, па ќе предложам на Министерството за економија да го предложат за советник во Министерството како добар познавач на коморите, а за другото што зборуваше мислам на крајот од неговата дискусија тоа кажува дека г. Анушев не може никако да се приклучи кон реформите во државата. Уште е со стари сваќања.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Мухамед Таири.

Господинот Анушев, повелете, само би ве замолил, јас мислам дека вие малку излеговте од дневниот ред, на тоа бевте предупредени и немаше потреба од Мухамед Таири да ви реплицирам. Но, повелете тоа е ваше право.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Не знам каде се гледаат, во моето излагање, старите сваќања, дали се тоа што предложив европска лична карта каде што нема национализам, туку е европска, дали се гледаат моите стари сваќања во тоа што предлагам национална комора во Македонија во пирамида одозгора до доле по регионални комори со

точно одредени правила на новоформираните комори инаку му благодарам и би се согласил ако министерот ме земе за советник во наредниот мандат.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се пријавил г. Петар Гошев. Повелете.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги и јас не сум реформатор на линијата на овие забелешки, имам многу конзервативно мислеење во врска со овој Предлог закон за стопанските комори. Го читав законот и да бмдам искрен не им верував на моите очи што читам, па реков да не е проблем во моите очи па земав еден друг текст и гледам со тој друг текст очите ми се во ред, значи не е проблемот во очите, туку проблемот е до овој текст. Проблемот е што ние немаме закон за стопански комори туку имаме закон против стопански комори. Нема закон за стопански комори, а нема од следните причини.

Во овој закон има три-четири битни и важни члена кои се против стопанските комори и тие три-четири члена се следните. За друго воопшто не вреди да се дискутира.

(Во 14,30 часот со седницата продолжи да раководи потпретседателот Илјаз Халими)

Првиот член е членот 9 - основање на Комората и тој член вели дека може секој да основа комора односно најмалку две правни и физички лица да основаат комора. Во индустријата можат да се формираат 50 стопански комори, сто, петстотини, две правни лица решиле ќе формираат стопанска комора, во трговијата исто толку, во земјоделието. Тоа ќе функционира многу добро, ќе завршат работа.

Понатаму следи членот 27 - овластувањата на стопанските комори. Сега овде им велиме на тие две лица што можат да формираат стопанска комора вие две лица можете да формирате стопанска комора, два правни субјекта и вие имате право според член 27 да си ја подобрувате својата организациона способност за работа и вие две правни лица имате право да си го унапредувате својот техничко-техниолошки развој и тн. Зошто да им кажуваме на тие две лица со закон дека по пазарна економија треба да си ја подобруваат својата работа, стручно да се усовршуваат и тие имаат право на тоа. Кој закон им го забранува тоа право и зошто да им го кажеме тоа на тие два правни субјекти, зошто воопшто е потребен ваков закон со вакви овластувања?

Меѓутоа, поинтересен е членот 28, она за што би вредело да се донесе закон, тоа е комората може да врши јавни овластувања утврдени со закон. Јавни овластувања за да му помага на стопанството или да си помагаат помеѓу себе субјектите. Добро, но овој член зависи од тоа колку државата им отстапува на тие потенцијали комори, што им отстапува и што со законот ги овластува да прават, а овде освен што може да врши јавни овластувања утврдени со закон друго нема ништо. Кои се тие овластувања јавни што треба да ги обавува Стопанските комори заради кои тие имаат право да се здружат во стопански комори најмалку две лица и какви јавни овластувања, кога ќе им се дадат јавни овластувања, ќе вршат два правни субјекти некое јавно овластување дадено од државата.

Ако според овој закон се формираат 200, 2000, 20.000 стопански комори, бидејќи само два правни субјекти имаат можност да формираат стопанска комора, какви се тоа јавни овластувања со 2.000, 20.000 субјекти што би формирале 20.000 стопански комори, бидејќи имаме повеќе од 100.000 фирми во државата, ќе обавуваат јавни овластувања во државата, лук и вода, ништо не вреди, пет пари не вреди и всушност нема закон, не се знае какви јавни овластувања ќе има и зошто би работела таа комора, а да им кажеме само да си ја подобруваат техничко-технолошката работа па да не им го кажуваме тоа тие ќе си го работат тоа, тие се пазарни субјекти. тие трчаат да преживеат. Само заради тоа не е потребен закон за формирање на стопански комори. Јас да формирам фирма и треба да ми каже законот слушај ти унапредувај си ја својата работа. Набави си подобра опрема или ајде ќе се советуваме со друга фирма заедно, па ние ќе си го направиме тоа заедно сами, за тоа не ни треба држава, за тоа не треба посебен закон, за тоа треба само Устав кој не ги забранува тие работи, а нашиот Устав не ги забранува тие работи.

Меѓутоа, кога дојдов при крајот сфатив зошто е овој закон, како што и мнозина сватиле зошто е овој закон. Овој закон е заради членот 33 и членот 34, за ништо друго. Тогаш Владата нека предложи закон за укинување на

постојниот закон за коморите и нека предложи акт за земање на имотот на Стопнаската комора од страна на Владата на Република Македонија и друго да не расправаме околу тоа што треба да прави Комората, зошто ни е Законот за коморите и слично на тоа.

Членот 33 вели по прастанокот на Комората, а Комората ќе престане да работи откако ќе стапи на сила овој закон, бидејќи треба други комори да се формираат, имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските ќе се користат на начин утврден со статутот на Комората. Со кој статут, на која комора, кога во членот 34 вели Владата на РМ, во рок од 30 дена по влегувањето на сила на овој закон ќе формира комисија која ќе го утврди вкупниот имот со кој располата Стопанската комора, притоа Комисијата ќе утврди поодделно вредноста и висината на државниот имот со кој располата Стопанската комора на Македонија како и вредноста и висината на останатиот имот со кој располата Стопанската комора на Македонија. Ништо нема ни државен имот, ни имот што им останува по некој друг основ на комората, има веројатно некоја одлука кој знае каде е можеби ја нашла некои од Владата кои се грижат што поваќе да приграбат дека во некоја си година 1945, 1946, 1947 им дале почетен имот, почетна зграда каде ќе се смести Стопанска комора на Македонија и потоа се друго е финансирано од општествените пари на општествените фирми, прво на државни, на општествени, и тој е имотот на Стопанската комора, нема друг имот. Сага ќе формираме комисија која ќе го утврди сето тоа и вели имотот со кој се утврдува дека е во сопственост на Стопанската комора, а тоа е всушност целиот имот, нема друг, ќе се пренесе на новооснованите комори, а останатиот имот останува во сопственост на РМ, и тоа во рок од 3 месеци, ако ги формираат тие комори, ќе ги земат. Сега ќе се формираат 2.000 комори, 20.000 комори, бидејќи треба само два правни субјекти и тоа *ќе* се распореди на 20.000 субјекти што ги има Стопанската комора со кое право? Еве две фирми се оснивале вчера и тие имаат право да земат од имотот, да учествуваат во распределбата на имотот на Стопанската комора. Тоа се ноторни глупости, тоа се глупости господа, немојте да носите вакви смешни закони. Јас знам дека овие претставници што се овде воопшто им е срам што го застапуваат овој закон. Сигурен сум, бидејќи ова не може да биде нивно мислење, земаат плата за да кажат некој што им кажал да кажат овде. Ова е срамота.

Господа, на Македонија и фалат институции. Ако некој не може да направи нова институција нека не ја растура постојната. Македонија се турка во хаос, вон институционален хаос. Можеби тоа е тоа што беше речено 1998 година се ќе растуриме, добро, растурајте и понатаму, но до кога? Ако не знаете да направите подобра комора, немојте да ја расипувате оваа. Предложете закон за подобра комора, за подобри комори, за појасно функционирање, пеќи, да го гласаме, ова е да се растури, сега некому му треба зградата во центарот на Стопанската комора или што му треба. Ајде да ја подариме таа зграда и да и кажеме на Стопанска комора ослободете ја зградата, ослободете го тој имот за што некој сака да го земе, ај ве молиме префрлете се некаде на улица, на Сајмиште, на некое буниште, работете си ја таа работа што си ја работите, нека ја земе тој, само немојте да ја растурате Стопанската комора. Ако нема подобра, јас не велам дека оваа работи најдобро, немам интерес да го велам тоа и јас не сум задоволен од работата на Стопанската комора, таа може подобро, треба подобро и повеќе. Ама немојте да ја укинувате ако нема нешто подобро. На државата и требаат институции, потребна е дистрибуција на моќта, потребни се синдикати, потребна е Стопанска комора, потребни се опозиции, политички партии, судови, независно, а не да се концентрира се во една тајфа, во еден човек, во двајца луѓе. Нема систем. Хаос. Вие предлгате хаос. Вие предлагате деинституционализација, покрај десубјективизација на државата. Повлечете го овој закон, повлечете го и предложете закон за подобро функционирање на Стопанската комора или за комори што ќе функционираат подобро од оваа комора. Да го поддржиме и да го гласаме. Сите институции се унакажаа во државата, сите институции се растурија во државата. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Петар Гошев.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине потпретседателе, другарки и другари, да кажам дами и господа оние што се тоа. Во животот само сум создавал никогаш не сум учествувал да се растура нешто што е корисно. Јас сум прифаќал да се менува, да се доградува, да се добива нешто што е поефикасно, поквалитетно, нешто што ќе придонесува многу повеќе отколку што до тогаш тоа тело, таа институција, таа организација носела, помагала и тн.

Промените воопшто значи нешто да се менува на добро. Реформите значат низ промени и низ реформски зафати да дојдеме до поголеми профити, поголема корист или како што народот вели до поголема добивка и ќар.

Комората која сега практично треба да се растури одигра значајна улога не само за оној период кога Македонија го доживеа својот најголем економски развој, најголем економски раст, и кога практично се изгради економијата во Македонија, одигра и значајна улога во периодот на транзиција. Во тој период од пред 90-тите години практично стопанствениците во коморските тела по разни сектори и во самата Комора го градеа развојот на Македонија, се договараа за економската политика каква треба да се води во Македонија.

Економијата во секоја држава е најважната работа. Тоа е практично срцето на државата, моторната снага на државата. Спрема тоа, таа економија мора да има институција во која ќе се здружуваат фабриките, индустријата, рударството, земјоделието, трговијата, туризмот, занаетчиството и тн. Тоа се места каде што и до сега и до 90-тите години и овој период од 90-тите години до сега се собираат субјектите од овие области и се договараа по битните прашања за развој на тие сектори.

Спрема тоа, ние можеме да зборуваме само за реформи во поморскиот систем кој ќе носат нови ефекти, нови достигнувања. Со овој закон тоа што се нуди е практично уништување на Комората. Таа повеќе нема да функционира. Таа повеќе не може да се организира, таа ќе се распадне. Затоа е добро овој закон да се одложи, самите стопанственици од било кој сектор, приватен, општествен се договорат какво сакаат да имаат коморско уредување најмногу што комората не е таа која ги троши средствата од буџетот, од граѓаните, таа се финансира од стопанството. Тој што сака да биде член на Комората, кој сака да ги задоволува своите потреби како субјект од било кој сектор и било која област тој практично ги плаќа тие придонеси за издржување на Комората. Тие не се од таков обем да ги оптоваруваат субјектите.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:**
(Продолжение)

Од 90-те години наваму, кога се изгуби големиот пазар што го имавме, Комората одигра значајна улога да се направи и да се развијат иницијативи за отворање на нови пазари на бесцаринско трговско работење, на поврзувањето на нашата економија, со економијата посебно на соседните земји, на земјите од западниот и од источниот дел на Европа. Таму беше местото кај што стопанствениците укажуваа на грешките на Владата, на власта, на грешките на економската политика што се води, и не можеме да зборуваме за промени во Комората само на основа тоа да ги прошириме тие овластувања, да ги повратиме овластувањата кои беа одземени од Комората и отидени во разни министерства, во самата Комора каде што не можеше да се зборува за корупција и мита, каде што практично субјектите учествуваа во доделување на контигненти и дозволи и тн., каде што тие субјекти по едни реални критериуми кои сами ги градеа, таквите дозволи и таквите контингенти се добиваа. Комората игра значајна улога и со своите користи предлози и идеи и програми и во царинската политика и во економската политика и пошироко. Дајте, многу е опасно нешто да растуриме. Тоа е најлесно да се прави. Но во овој момент и во овој дел на државата, институцијата комора не треба тоа брзоплето да го чиниме.

Според тоа, предлагам законот да го одложиме, стопанствениците во Комората, субјектите, тие меѓу себе да се договорат каков закон сакаат да имаат. Секоја избрзана работа носи многу лоши ефекти. Ние и брзаме со реформите на Комората, затоа што реформите во економијата не сме ги спровеле. Тие се далеку од оние зацртани цели и достигнувања, кои што сте ги поставиле како држава, како луѓе, како Парламент и тн.

Јас нема да го поддржам овој закон од овие причини, кои што ги наведов.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

МУ благодарам на господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретсдателе, почитувани пратеници, почитувани претставници од Влада. Дозволете во кратки црти да се обратам пред присутните пратеници и пред јавноста околу предложениот текст на законот за стопански комори и притоа да се обидам да го избегнам ризикот да не се повторувам со претходните дискутанти, бидејќи во принцип го делам истото нивно мислење дека по овој законски текст вака како што е предложен од ресорното министерство за стопанство, апсолутно се согласувам дека воопшто не треба да се расправа и истиот треба да биде одложен и дефинитивно вие како претседавач на оваа седница, а тоа беше понудено и на претходниот што заседаваше на оваа седница, да се стави на гласање и да се прекине расправата по овој текст и дозволете да кажам и јас од тие причини се согласувам со претходните дискутанти што тоа го предложија.

Законот вака како што ни е понуден денеска дефинитивно потврдува еден единствен момент, а тоа е предизборните ветувања на оваа коалиција што е на власт, дека откога ќе дојде на власт дефинитивно се ќе растури во оваа држава, како од нив светот и векот да почнува и јово на ново ќе почне да ги става столбовите на кој почивала досега оваа држава

Фактички, овој предлог закон што денес стои пред нас пратениците овде е само суштинска потврда на нивните ветувања дека се ќе растураат кога ќе дојдат на власт.

Зошто го говорам ова со едни вакви ригорозни оценки. Ако се прочита внимателно од почетокот, значи од самиот чин на образложение зошто се носи овој закон и кои се причините за еден ваков законски текст да ни се предложи, па во последниот член од завршните и преодните одредби се гледа дека апсолутно, суштината на еден ваков законски текст е до крај растурање на постоечкиот систем на коморско организирање во Република Македонија и разграбување на нивниот долгогодишен стекнат имот. Инаку други причини за вакво организирање на стопанството по моја проценка во безброј комори, како што се одредбите на некои членови во Законот, нема туку напротив Владата своите навики што си ги создаде пред три-четири години, така и овој сегмент да ги практицира и да го разграби имотот на Комората.

Значи, според вака понудените решенија, овој законски текст според мое длабоко уверување развива досега невиден дилетантизам на креаторот на законскиот текст. Јас се извинувам на оние стручни експерти кои работеле на Законот, меѓутоа, го делам мислењето на еден од претходните дискутанти дека сепак се платени професионалци, кои по налог на нивните политички ментори има дури и такви дилетантски текстови. Но тоа сепак е претставено и единствено добро со овој закон да видиме дека на еден транспарентен начин се демаскираат нечесните намери на изготвувачот, т.е. на Министерството за економија и за жал, низ сите негови членови да се виде евидентната кусогледост на неговиот предлагач, т.е. на Владата на Република Македонија.

Нема никакви дилеми дека овој законски текст нема за цел за создавање на правна рамка, како што се вели во образложението кон понудениот текст, за навистина потребниот квалитетен чекор кон основното коморско организирање на домашното стопанство. Тоа експлицитно го признава министерот Фетаи со една неодамнешна изјава во јавноста дека треба да се развие монополот на стопанската комора на Македонија и наводно да се создадат законски услови за меѓукоморска конференција, односно дека на стопанството му се потребни онолку комори како што рече министерот за колку ќе пројават интерес најмалку по два стопански субјекти, кои потоа ако не пропаднат ќе можат да си прават меѓу себе сојузи. Ако се изанализира оваа негова изјава, ќе дојдеме до праткични сознанија дека се создава празна рамка од 80 илјади регистрирани стопански субјекти во Република Македонија, од различни стопански гранки, барем по неко: посебни статистички показатели дека овој закон создава празна рамка за формирање на минимум 20 илјади во Република Македонија. Замислете го то хаос на коморско организирање со минимум 20 илјади комори во Република Македонија. Замислете го тој хаос на некакво коморско организирање кој прејудицира дека ќе му помогнат со таков облик на организирање на целокупното стопанство на Република Македонија. И сега се прашуваме дали поради елементарното непознавање на современите системи на коморското организирање, и воопшто нивната функција во глобалните текови на светската

економија, или пак поради ароганцијата што е претпознатлива на секој чекор на оваа власт, која никогаш скоро да немала потреба да се потпира на издржени документи, се нуди едно вакво решение. По ваквото лобицирање на министерот дека тоа создавало здрава конкуренција, дали го прашуваме е потребно за да се создаде здрава конкуренција да се формираат исто толку адвокатски комори, на пример во Република Македонија. Дали е за поздрава конкуренција и нивниот во наводници реформатиски пристап кон се и сешто декларативно што го кажуваат пред нас, на пример да се организираат и толку лекарски комори во Република Македонија за да би тие лекарски асоцијации биле подобро организирани. Дали воопшто на пример е потребно да се организираат и уште толку академии на науките и уметностите во Република Македонија за подобро организирање на таа сфера во државата.

И впрочем да го запрашам министерот Фетаи по мене логично размислување по принцип на некои закони на формалната логика дека би било подобро и толку Министерства за стопанства да се организираат. Или толку заводи за статистика и тн, и тн. и по тој принцип да се раздроби ткивото во Република Македонија која не на политички, туку на други логики, пред се економски логики или други интереси не организира или не соединува во оваа држава и впрочем со еден таков тип на организирање само го потврдуваме унитарниот карактер на државата. Владата во секој предлог закон што сака да го протурка вака на мала врата нема а да не спомне дека тоа се вклопува во законодавството на Европскаста Унија кон која се стремиме да влезиме, во законодавството од безбедносен аспект на НАТО асоцијацијата, во законодавството и препораките на Светската трговска, на Светската царинска и сите светски и белосветски институции. Кога тоа и одговара, нормално кога не и одговара, вели дека овие што претходни инситутции светски ги спомнав нам воопшто не ни се ни потребни ние можеме и сами. Јас одговорно тврдам читајќи го материјалот, барем препораките на светската трговска организација со која сме близу до потпишување на договор за полноправно членство, апсолутно никаде во ниедна реченица, ниту меѓу редови може да се прочита дека токму тоа се сугерира да една вака организирана и со 80 годинишно постоење асоцијација во Република Македонија да се растури. Затоа се прашуваме и со право и не само ние пратениците од опозицијата, ево денеска за среќа, кажувам за среќа имавме можеби ретка прилика да видиме пратеници и од друга политичка провиниенција кои се и на некој начин лобистика или директно учествуваат во актуелната власт да не ги поддржуваат едни вакви законски решенија каде што се оди на растурање на еден веќе препознатлив или добро организиран систем како асоцијација на стопанството. И затоа е логично да се запрашаме што е токму намерата и овде пред сите нас да покажеме една човечка доблест, ако не друго повеќе да ја разобличиме намерата на Владата зошто токму ни предлага еден ваков катастрофален законски текст.

Моите заклучоци од она што го прочитав во текстот дозволете да ги кажам се следните:

Прво, мислам дека постои конкретно сценарио за реализација на докрај растурање на она што е организирано на овој принцип во Република Македонија. Прво Стопанската комора на Република Македонија нема намера да се трансформира по овој закон, туку треба по сила на овој закон да згасне и повеќе да не постои како таква институција. Бидејќи во моделот како што се протежира многу комори конзинстентно и неможе да се утврдат правните следбеници на нејзиниот имот и на легитимните права и обврски создадени со односите меѓу домашните и странските правни лица, предлагачот се одлучил, односно да ги заборави овие елементарни законски норми, што е нон сенс. Се прашуваме сега ако до крај се растури тоа како што е предложено, како ќе се распредели, ако се земе фактот дека согласно постоечката инфраструктура за просторни и стопански субјекти на Република Македонија, можат уште утредента да се формираат минимум 20 илјади нови стопански комори. Тргнувајќи од принципот за економски интерес, каде што идејата водилка ќе биде капиталот кој некому ќе биде поклонет утре веќе стекнатиот имот на Комората, јас претпоставувам дека уште во првите денови ќе биде голема навала за регистрација на нови стопански комори само од една едноставна претпоставка, раководени од некој профит што ќе биде така поклонет од страна на некоја Комисија што се заговара во Законот, секој да си добие ако не повеќе барем по една соба од постојната инфраструктура во градежни објекти што ги поседува сегашната Стопанска комора.

За да биде попрецизен законот и до крај да ги откриеме намерите на Владата, јас предлагам и еден амаднман овде да ставиме за да биде појасна интенцијата на законодавецот и да напишиме дека таа комисија кој ќе го крчми имотот кој е 80 години создаван од Комората, претседател на Комисијата да биде господинот Бесник Фетаи, а членови на Комисијата да бидат Ламбе Арнаудов и Војо Михајловски и да ја дозавршат перфектно работата како што знаат само тие тројца.

Инаку, друга намера не гледам да се формира некоја комисија која ќе го проценува имотот, обврските и побараувањата на Комората и утредента кога ќе се регистрираат минимум 20 илјади комори ќе ги распределеле по некакви делови, или незнам под кои критериуми или како што се кажува критеримите накнадно, па за месец дена врз основа на правилници ќе биле носени. Ова ја привршува дарата од мерата што вели народот. Кажете ми која е таа независна експерска или без политичко влијание комисија која би се формирала, дали во рамки на оваа постоечка влада или утше со некоја друга влада, која нема да внесе внатре политички волунтеризам, да го раскрчми она што досега е создадено макотрпно и тоа што е најважнс пак, е создавано од конкретни некои економски субјекти. Кажете ми на пример во практиката ако утре се случи една таква ситуација да се пресмета од страна на таа експертска комисија од овие тројца експерти, дека на пример Скопската пивара, Железарата, Алкалоид или Силекс, или ЕМО Охрид, каде што сум бил јас порано вработен, како големи стопански субјекти кои партиципирале со својот комплекс и придонес и го изградиле она што досега е изградено како инфраструктура во Комората, кажете ми со кое право оваа претходна Комисија тоа ќе им го одземе на нив и ќе им го даде на пример на Шарско јагне или Црно јагне незнам како се вика фирмата на предлагачот на овој законски текст. По кој основ тоа ќе го направи. По кој основ кој веќе низ процесот на општествени реформи, овие претходни стопански субјекти што ги спомнав имаат номинален сопственик на капиталот таму. Тие се свесни дека сите досегашни обврски и сите досегашни побараувања си ги имаат впишани во нивните биланси. А, според другите обврски и побарувања во билансите, тука стојат и обврските спрема Стопанската комора како коморски придонес, или побарувањата на Стопанска комора врз основа на вложувани средства и капитали, во една таква асоцијација.

Сега доаѓаме на идентификувани субјекти, кои вложувале во една асоцијација, каде што се здружиле на доброволна основа, врз основа на познати законски прописи и рамки досега, Владата да се јавува во улога на врховен арбитар и им каже на претходните субјекти, условно да ги земам тие како попрепознатливи стопански субјекти на државата кои асоцираат во Стопанската комора и да им каже: "Извинете ова не е повеќе ваш вие сте на некои леви - десни закони по стариот устав како што се тврди во образложението дека тоа била основната причина да се растури Стопанската комора на Република Македонија, бидејќи сте под тие закони организирани, ние сега вас ќе ве растуриме, а вашиот имот ке го земеме, ќе го раскрчмиме на начин како што ние знаеме и умееме".Кој тоа ќе го дозволи во оваа држава. Или мисли дека државата во суштина како дефиниција по систем на присила, може до тој степен да ги вулгаризира своите односи со стопанството. Мене не ми е јасно како тоа ќе го премолчат досегашните субјекти, кои на доброволна основа ќе организирале во Комората и врз основа на свои откажувања од своите комодитети во сопствените претпријатија, фирми, акционерски друштва, како сакате наречете ги или општо стопански субјекти, откажувајќи се од своите комодитети вложувале во таа асоцијација наоѓајќи го тука заедничкиот интерес. Затоа, мораме да сватиме дека токму основната интенција на законодавецот е токму да ја растури комората како асоцијација од формално правен аспект и да го раскрчми нејзиниот имот.

Второ, со создавањето на правна рамка, за создавање на неограничен број комори, значи двајца кои пројавуваат интерес, ќе може и утре да си формираат комора, а исто така натаму ќе даваат уште пошироки правни рамки тие двајца по двајца и така натаму, до 20 илјади такви субјекти регистрирани со такви субјекти да можат да си се здружуваат на некој интерес, принцип, што по мое длабоко убедување, имајќи ја предвид актуелната политичка организација и кревките меѓунационални односи во Република Македонија по минатогодишната криза и потпишувањето на Рамковниот договор од Охрид дека апсолутно, преферираме систем на рушење токму преку овие механизми. Некој ако запраша зошто, меѓутоа повеќе пати кажувам практични примери сто рамковни

договори да се потпишуваат каде што ќе се потенцира унитарниот карактер на државата, со носење токму на вакви законски проекти, кои утре ќе се спроведуваат на теренот на практиката протежираме точно растурање на унитерниот карактер на државата, бидејќи ако не повеќе, ако не се пројават други интереси, не дај боже, да се пројават кај тие два по два субјекти, ќе се појави територијалниот принцип на организирање.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

На пример ќе си се организира комората од Гостивар и Тетово, ќе си се организира комората од Липково и Куманово, ќе си се организира комората да речеме од Охрид и Ресен по некоја друга линија територијална итн., или дури во самите градови од разно разни горни, долни, средни, маали, или незнам по улици може да дојде до коморско организирање. Дефинитивно значи протежираме систем на губење во пракса на губење на унитарниот карактер на државата некој сега ќе каже овој стално лупа по нешто и е прејак во квалификациите. Меѓутоа, господо за година ипол-две, што ви зборувам наназад, се цитирам самиот себе си, за две години се потврдуваат тие цитати, дека токму нешто што сум кажал се потврдило. Ако ова го дозволиме ќе се потврди токму ова што го говорам сега, дека за година дена ќе бидеме сведоци не на принцип на интерес и организирање на капитал за заштита на интересите на стопанските субјекти во некакви асоцијации, на пример, да дојде до асоцијација само на туристичките да речам субјекти во државата, или само на земјоделските субјекти итн. Токму ќе си имаме комори гостиварски, тетовски, па во Унија тие асоцирани, ќе си имаме комори по етничка основа што е најтрагичниот дел од овој закон, како некоја можност што навистина ја дава во пракса тоа да ни се случи. И ако денес имаме национална комора навистина ние го дробиме тоа ткиво, извинете може би некому не му се допаѓаат тезите, меѓутоа, право на секој пратеник е да резонира и да логицира по сопствени убедувања читајќи ги одредбите од законот. Значи, сега ако имаме една национална комора, ние сега со закон ја рушиме истата токму како бариера со национален и унитарен пред знак на државата која токму само по принцип на економски интерес ги прима своите членови и внатре асоцираат штитејќи ги своите интереси и тоа асоцираат на доброволна основа. Не сум слушнал, јас сум бил порано и директор на претпријатие, не сум слушнал дека некој не тепал нас да мораме да се организираме во таа и таква комора каква што била, или вие како што викате никаква не била. Тоа не е точно, напротив многу, многу голем број интереси поготово со поврзувањето со странски стопански субјекти преку ваквото коморско поврзување сме ги оствариле токму преку ваквата асоцијација. Затоа, овие два битни моменти крчмењето на овој начин на имотот на комората како што се предлага сега, и по лсгика пројавувањето на огромен број на субјекти заинтересирани, ако не повеќе во центарот на Скопје, да земат имот само врз основа на судска регистрација утре што би ја добиле, а гледам дека нема никакви пречки освен ако немате фирма регистрирано да добиете и потврда дека сте здружени во некое коморско организирање двајца субјекти и веднаш утредента пред таа комисија што ја спомнав и номинално да се јавите да ви дадат два-три-пет, 50, или незнам по нивни сопствени убедувања на тие комисии квадрати во постоечката зграда во Центарот. Значи, тоа е првиот момент. И вториот каде што ваквото дробење на ткивото на стопанството и создавање на голем и широк простор за токму во пракса рушење на унитарниот карактер на државата и разноразни асоцијации на етничка, или територијална хомогенизација треба навистина да се избегнат и ако сте спремни и предлагачите повлечете го законот, дајте да поразговараме малку и на комисии да се договориме, што треба да се измени во овој закон и да не создаваме климе дека едните се за, затоа што се другите против, или обратна позиција, затоа што сме биле на две различни страни, едни во власта, други во опозиција. Ова се господо суштински прашаша на кои треба да водиме сметка ако сакаме натаму државата да ни опстане. Ако не сакаме, ние можеме се да растуриме, а и право ни даваат вакви законски текстови да логицираме дека нам ни се потребни и две минстерства за стопанство. Едното за Тетово да си биде, другото за Скопје да си биде и обратно, или 5, или 15, и до тој степен да ја дробиме Македонија по разно разни принципи, по разно разни интереси и крајот да не ни се најде.

На крај би завршил дека ова што го кажувам е може би малку во поостра форма искажано од претходните говорници, меѓутоа, ја заокружува едната и единствена цел овој закон денеска да се повлече од расправа во Парламентот, да се даде можност д се отвори поширока јавна распрва, иако во образложеието кон

законскиот текст ни кажуваат дека во Министерството за економија на 16 мај одржана е јавна расправа за текстот ка законот, меѓутоа, имаме исто известување до претседателот на Собранието од претседателот на Собранието на Стопанската комора дека токму оваа јавна расправа не е ниту одржана, формално правно можеби неколку луѓе свикал министерот за стопанство и тоа го третира како јавна расправа. Меѓутоа она што е покосница или срж на сегашната стопанска комора како стопанство, а тоа верувајте ми е скоро 90% од севкупниот стопански систем на РМ, ни потврдуваат дека не е викнато на расправа и немало простор да го искаже своето јавно мислење. Па ви се молам нека каже преставникот на Владата, еве го гледам заменик министерот, да каже со кого, со колку субјекти, кои директори на кои стопански субјекти беа на 16 мај 2002 година во Министерството за стопанство и кои беа заклучоците од таа јавна расправа, освен едно бегло соопштение за јавните медиуми на електронските и печатените ние не сме сведоци барем како пратеници да имаме заклучоци од таа јавна расправа и да кажете дека тој и тој директор од таа и таа голема, или мала фирма ги застапуваше овие и овие тези, или дури предлагаше амандмански некои текстови и како решенија за измена на Законот за стопански комори. Исто се вели во предложениот текст на Законот вградени се забелешките, мислењата на Собранието на Република Македонија и неговите работни тела, како и мислењата дадени на јавната расправа. Не е точно тоа и колку што го свати г-динот Јордан Бошков кој учествувал, јас како пратеник не сум учествувал на ваква седница на работно тело т.е. на Комисија на Собранието, а колку што го разбрав г-динот Јордан Бошков кажа дека токму тие заклучоци на работните тела на Собранието т.е. на комисиите каде што во порелаксирана атмосвера и на поекспертско ниво се расправа отколку на пленарните седници се негативни во однос на вака предложениот законски текст. Значи, ако јавното мислење е негативно и никој не се согласува на еден ваков начин да се растури комората, па отпосле преку 20 илјади нови субјекти на раскрчмен имот да се собира комората, ако собраниските тела што расправале т.е. неколку комисии што расправале има негативен став, ако досега ниту еден пратеник ниту од позицијата ниту од опозицијата, ниту од помалите неутрални партии, да речам не го поддржи овој текст, јас немам причина повеќе да гледам ние натаму да расправаме по овој текст, а не дај боже и да гласаме денеска и да го изгласаме вака како што ни е понуден.

И на крај да завршам, се поставува едно суштинско прашање, зошто токму во овие нецели три месеци пред избори толку и се брза на Владата. И, дали мисли дека толку позитивни ефекти во овие последни 80 дена ќе собере Владата, ако го донесе овој текст на законот за организирање во стопански комори и ако на крајот на краиштата за тие 70 дена се она што го пропуштила во предизборните ветувања сега таква стопанска ефикасност и таква економска клима би направила во државата што ќе се испере пред народот, за сите свои, ајде да на речам, други стопански гревови што ги направи во овие три ипол години. Меѓутоа, господо намерата е толку прозирна што повторно како да се вртиш, како да се сучиш околу овој закон, се враќаш на членот 34. Токму оваа влада со таа комисија која ја спомнав сака да го раскрчми овој имот и по свои слободни убедувања да го подели на кого што сака утре.

Второ, им се брза само од една друга причина која мора да се укаже за пошироката јавност да свати дека коалиционите партнери имаат направено добри пресметки доколку сега, утре, задутре, или до следната недела овој закон се изгласа. Во последниве 2,5 месеци до изборите нема да работат судовите околу 45 дена, ако се земат летните одмори и дека многу тешко е на постојниот систем и структура на организираност на Комората ако не повеќе тие луѓе кои ја формирале, и ја надградувале инфраструктурата на комората досега да се пожалат некаде е во ефикасна судска постапка да си го заштитат своето право, ако не друго барем материјалното право дека тие основачите на досегашната комора се газди на имотот, а не е државата газда на имотот сега на чело на таа држава дојде ВМРО-ДПМНЕ со својот коалиционен партнер ДПА. Само тоа е крајната намера и тоа толку перфидно се подметнува како кукавичко јајце пред нас пратениците овде и мисли дека некој е луд да не го открие тоа. Зошто тоа не го направивте три месеци порано, или дајте покажете политичка доблест, ако не друго имајте храброст дека ќе ги добиете овие следни парламентарни избори и пак во истиот состав на иста коалициона Влада ќе носите закон за стопански комори макар и ваков каков што го предлагате. Меѓутоа, во овие брзања на минатата седница имавме прилика да го видиме законот за девизно работење каде што под притисок на еден од

коалиционите партнери т.е. ДПА, ВМРО прави таква круцијална отстапка, сака преку ноќ да се изгласа закон само за еден стопански субјект. Сега оваа намера да само за да овие луѓе во комората немаат никакво право на натамошни жалбени постапки пред судовите како врховна независна власт во државата и од парламентот и од извршната власт да си ги заштитат своите права, сега се брза преку ноќ да се донесе ова и она што бидна, бидна чудете се натаму што ќе станува. Затоа, крајно време е, барем ние како пратеници и ако не повеќе барем како пратеници на крајот од своите мандати да покажеме малку барем човечко разбирање и да застанеме на пат на вакви растурања и дробење во Македонија на се живо што постои. Токму низ сверата на економските закони, токму се читаат и политичките намери на власта, на коалицијата на власт која е сега во РМ, и треба да се застане токму на тој пат, затоа што г-да пратеници никој апсолутно нас утре нема да не амнестира одговорноста пред народот. Ние овде носевме и некој закон за амнестија и ние го имаме тоа законско уставно право да носиме такви закони. Меѓутоа, верувајте нашиот народ нема да не амнестира за вакви глупави проекти какви што ни се сервираат секојдневно во ова брзање на истекот на мандатот на оваа влада и ако нешто треба да покажеме, треба барем да кажеме дека на крајот толку можевме, толку сработивме и спречивме барем еден лош закон. А токму таков е овој што ни се нуди. И барам поддршка од пратениците и за мојот став дека овој закон денеска треба да се повлече од парламентарна процедура и по истиот да не се расправа. Доколку дојде, недајбоже и до амандманска расправа, јас господине потпреседателе, си го задржувам правото по конкретни амандмани да интервенираме по овој закон и да се бориме барем да го подобриме текстот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници, дозволете, бидејќи имаме посебна чест бидејќи нашата седница ја следи делегацијата од Хрватскиот сабор на чело со претседателот Златко Томшиќ. Во ваше име и од мое лично име им пожелувам добар престој во РМ, на делегацијата од Хрватскиот сабор. (Аплауз).

Продолжуваме со работа.

За реплика се јави г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Индиректно сум спомнат. Мислам дека пратеник на СДСМ има најмалку право кога дискутира да спомнува рамковни договори и унитарност што го направиле во рамковниот договор, затоа што овде има уште пратеници кои долго време ги убедуваа дека рамковниот договор и уставните промени што ги изгласаа и што не убедуваа дека на тој начин ја спасуваат државата ќе донесат вакви и слични законски проекти, како што реков и пред малку, личната карта може да биде двојазична, е сега, ќе го спасуваме пасошот, или ќе ги спасуваме гласачките ливчиња. Мислам со таа глума еднаш треба да се престане во овој парламент.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика се јави г-динот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас морам да интервенирам на некои тези што ги слушнав од г-динот Иловски, затоа што мислам дека не се на место и дека прават многу голема штета за јавноста и за односите во самиот парламент.

Прво, не му се негира на ниеден пратнеик да дава свое мислење за одреден закон, со тоа што своето мислење дали ќе го даде ус-мено или во писмена форма преку амандмани. Меѓутоа, начинот на кој тој размислува ...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Алиу, ќе морам да интервенирам, тоа не е реплика.

Ако барате збор, јас ќе ви дадам збор подоцна.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Реплицирам на одредени тези што ги изнесе тука господинот Илоски.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжете само ова не е реплика.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Морам да кажам одредени забелешки што тој ги изнесе. Се работи за одреден минситер тука кој е член на ДПА, кој е претставник на ДПА и негов труд, меѓутоа, не само неговиот труд не може да се омаловажува толку да до крајност со груби зборови да се каже дека тој тотално економски е дилетант. Мислам тоа е под таа политичка култура што би требало да се негира во самиот парламент.

И втора работа, можете после вие г-дине Илоски, да реплицирате на ова. Значи, секој пратеник тука и секој министер кој работи од одредени закони во интерес на целата држава, ако и припага на една

партија на албанците од ДПА, или од ПДП, секогаш е сомнителен дека тој прави такви закони за да може да се растура, или да се федерализира РМ. Каде води тоа? Поготово во овој период пред избори не може друго ништо да се каже дека е тоа само чиста демагогија ваша и дека со вакви ставови ако и понатаму ги изнесувате вака и во јавноста дека вие сте луѓе кои сакате само проблеми да создавате во оваа држава. Јас лично ако мислите дека секој од нас е сомнителен, дека се што правиме тука не е во интерес на целата држава Македонија, туку правиме федерализација или други работи кои не се во интерес, тогаш не знаеме што бараме ние тука.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Би се обидел во нецела минута на двајцата колеги пратеници да им одговорам на репликите. На првиот немам никаква намера да му одговарам, бидејќи тој е 3,5-4 години дезориентиран во политичкиот простор во РМ. И затоа мислам дека апсолутно тој не застапува никакви ставови, тој се поведува од дневна политика.

На вториот колега Алиу, би сакал да му го кажам следното. Немојте да ги извртувате тезите и повторно сега некое антиалбанство да ми припишувате мене лично, или на мојата партија. Ако Ламбе Арнаудов го сметате за албанец, тогаш ви ја прифаќам тезата. Меѓутоа, за мене штетен во оваа држава колку што е Фетаи, толку е и Ламбе. И затоа во исти кош ги редам јас нив. А мислам дека едниот е македонец. И воопшто не ви држи тезата дека јас кога ќе кажам нешто, против албанците кажувам. Јас кажувам г-дине Алиу против Бесник Фетаи кој од кога е дојден во тоа министерство цела Македонија и албанците и македонците и турците и ромите и власите не го викаат со она име како што се вика министер за економија туку го викаат шекер министер, или министер за контингенти. Кажувам за Ламбе Арнаудов, затоа што од кога е дојден од растурање на едно претпријатие купува банки од филијалчиња преку филијалчиња, банка, банка, банка, Народна банка ќе ја купи како е фатен. Тоа го кажува Илија Илоски овде. И сто пати кога реплицирам ги кажувам, јас не се борам против еретиците, против ересот да го укинеме во оваа држава, а ќе го укинеме само на овој начин.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Според мене и за вас ќе биде подобро ако вака и вие размислувате. За мене апсолутно не ми е, не дај боже во еден миг од сопствениот живот да сум помислил, да ми посмета затоа што бил албанец. Па јас имам многу пријатели албанци, меѓутоа не сакам пријател да го имам Бесник Фетаи таков каков што е. Немојте толку да сте суетни на секое укажување, што се буниме против таквото негово однесување во оваа држава веднаш велите затоа што бил албанец. Не затоа што бил албанец, затоа што не работи добро, како што треба да работи и не ги почитува законите во оваа држава, кои што треба да ги почитува. За тоа Илија Илоски зборува.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г. Илија Илоски.

Јас би ве замолил, тоа е ваше право да реплицирате, меѓутоа верувајте дека ништо да придонесеме во тој дел само ќе изгубиме време. Меѓутоа тоа е ваше право.

За збор се јави господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Колеги пратеници, секаде во светот опозицијата во Парламентот е таа која што е коректив во општеството. Меѓународниот фактор ја притиска партијата што е на власт, а опозицијата корегира. Во нашиот случај ако се добро ориентирани колегите од СДСМ влегоа во позиција, и направија сите глупости со уставните промени затоа што се добро ориентирани, или затоа што беа уценувани од меѓународниот фактор, бидејќи ги имаат сликите на движењето на шлеперите во тоа време на блокадата на Југославија и се случи таа нивна ориентација едно да мислат, друго да зборуваат, трето гласаат. Јас барем тоа што го мислам го кажувам цело време овде и како што гледам така и доаѓа, а има, фала богу ова е Парламент на демократска земја, говорите се пишуваат, остануваат во архива и точно се знае кој за што се залагал и што гласал.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Господине Илија Илоски, јас морам да ви кажам дека го немам тој комплекс, ако мислиш дека сум албанец. Тоа да ти е јасно. Меѓутоа, морам да кажам, она време на сомневање на секој албанец, тоа време е прохујало са вихором. Ако

мислите вие пак и ако некогаш дојдете на власт истата таа работа пак да ја внесете во општествениот живот кај нас да знаете дека ќе имаме многу проблеми.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Повторно за збор се јави господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине Алиу јас не знам како можеме да се разбереме. Јас ве прашав дали е Ламбе Арнаудов албанец, што сум јас против Ламбе Арнаудов и вие да ја влечете тезата било што лошо да кажам или помислам за министер ако е од албанска националност веднаш вие реагирате затоа што бил албанец. Нема врска. Јас кажав јас сум против Бесник Фетаи таков каков што го дал Господ, како што работи, а вие сте пратеник, не сте негов апологет да го браните и за она што не треба да го браните. Затоа ни е лошо на сите, и на македонците и на албанците.

А ова што претите, па ако дојдете вие на власт дека ќе сме имале проблеми, јас да ви кажам, јас не ви се плашам. Ние ќе дојдеме на власт и ќе биде повторно албанец на Министерството за економија, меѓутоа нема таков албанец да биде. Не се либам да ви го кажам дека таков не смее да помислите да биде. За тоа зборувам јас.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Ќани Алиу по трет пат.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Изгледа не можеме да се разбереме, или се повлекуваат зборовите што ги кажа пред малку Илоски, затоа што со некој економски закон тој мисли дека со тој закон може да се рефлектира во политичката сфера со тоа што ќе почне реализација на Македонија или со одредена намера. Практично тука му се препишува на господин Фетаи дека со овој закон ќе ја сатанизира Македонија, што нема врска, затоа што само Фетаи не работел сигурно на овој закон. Поголем број на тие стручњаци биле и македонци и албанци и било кои други таму. Вакви тези се штетни. Немој погрешно да ме разбереш дека јас бранам нешто, меѓутоа вакви тези се штетни, затоа што ние имаме многу лошо искуство од претходниот систем кога за секоја работа бевме сомнителни дека сме против оваа држава.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, прво, процедурално не е добро тука да се убедуваме или да наметнуваме решение, или со наша реторика да настојуваме да ги убедуваме за нашите ставови другите што не слушаат тука, затоа што едноставно некој мисли дека е така, ама не сака да е така. Тоа е друго прашање. Значи, не треба да се убедуваме и да се надмудруваме тука, но факт е нешто, а тоа е фактот дека посебно на оваа седница се предлагаат некои закони на препаст без некоја стручна анализа, без да се објаснува и образложува од страна на предлагачот. Така се наметнува еден предлог кој по некој автоматизам изразува сомнение кај другите пратеници. Затоа мислам дека и законот што се предлага тука е еден од тие закони кои се предлага на препад и дел од аргументите што беа изнесени ми се чини дека стојат, меѓутоа во политичките аргументи не држат од причина што ние ќе бевме најсмешна држава, или ќе бевме седмо светско чудо ако се федерализираме само врз основа на стопанските комори.

Јас апелирам да не се служиме со плашила за нешто што се нуди како решение, како плурално решение било и во економскиот сегмент. Факт е дека недостасуваат анализите. Јас не сум чул тука дури и од предлагачот 2-3 збора да каже зошто се предлага, што е целта на тој закон. Дали се во прашања интересите посебно, дали е во прашање заземање на простори, или што, ништо не е кажано тука и пратениците оправдано се сомневаат дека целта е добра. Ние тука сме во фаза, барем формално, на реформирање на системот, економскиот, политичкиот, културниот итн. Ако имаме обврска да вршиме хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија би требало тука прашањата да се дообјаснат до крај. Јас апелирам, навистина не е во ред етничка боја да се дава и за ова прашање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали, со една молба до сите вас. Очигледно или не знаеме што е реплика, или земаме збор за процедура, па после зборуваме за законот. Ве молам да не ни се случува тоа.

Има збор замдникот на министерот Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

После вакви жестоки дискусии и напаѓање на текстот на Предлогот на законот осеќам за потребно да направам едно кратко излагање.

Според постојната законска регулатива во Република Македонија прашањата сврзани со работењето на коморите е утврдено со Законот за стопанска комора на Македонија. Овој закон е донесен 1990 година согласно Уставот од 1974 година односно пред да биде Уставот на Република Македонија 1991 година и според него правните субјекти се организирани во една единствена комора. Станува збор за еден закон донесен многу одамна и лично не гледам што е проблемот за донесување на нов закон. Со донесувањето на Уставот 1991 година со кој беа уредени основните економски односи, како и фактот што во меѓувреме се донесени поголем број на закони кои односите во економската сфера ги уредија на новите принципи утврдени во Уставот на Рвпублика Македонија се наметна потреба од донесување на нов закон за уредување на односите во здружувањето на стопанските субјекти во стопански комори според принципите на пазарното стопанство, еднаквост на стопанските субјекти, конкуренцијата во работењето и слично.

Собранието на Република Македонија на 100-тата седница одржана на 24 април 2002 година го разгледа Предлогот за донесување на законот за стопански комори при што го усвои Предлогот за донесување на законот за стопански комори и ја задолжи Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон.

Министерството за економија на 16 мај 2002 година одржа јавна расправа. Не е точно дека јавна расправа не е одржано, како што рекоа некои пратеници. На јавната расправа присуствуваа претставници од Стопанската комора, Регионалната комора на град Скопје, како и другите здруженија од Република Македонија кои ги искажаа своите забелешки и мислења.

Во предложениот текст на законот дадени се забелешките и мислењата на Собранието на Република Македонија и неговите работни тела, како и мислењата дадени во јавната расправа. Имаше темелна расправа на седницата на Комисијата за економска политика и развој одржана на 17 и 24 јуни 2002 година каде што беа присутни и претставници од комората. Се слушнаа и мислењата на комората и имаме извештај од седницата на Комисијата. Така да расправа е водена на едно задоволително ниво и за тоа има извештај.

По завршувањето на расправата ќе уследат амандмани ако пратениците имаат амандмани, има поголем број на амандмани поднесено така да во амандманската расправа би дошло до одредени корекции.

Предлагам овој закон да биде донесен.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави процедурално господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Прво, мојата реакција се состои во следното.

Господине Сулејмани во овој законодавен дом секогаш пратеникот има предност и пред замениците и пред министрите. Тоа мора да го знаете и нивната судбина зависи од нас, а не обратно. Тука мислам дека правите страшна грешка, да не речам гаф штом дозволувате од место да говори секој оној што сака работи кои што апсолутно немаат врска со темата. Има една појава која подолго време се случува. Кога ќе се јават пратеници на ВМРО-ДПМНЕ за било какви забелешки и дискусија секогаш на некој начин ги прескокнувате. Тоа е мое лично чувство и сметам дека тоа чувство го делат и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, посебно кога вие ја водите седницата.

Уште една забелешка исто така држи. Сметам дека апсолутно ваше право е кога пратеници ќе земат збор дискутираат за личности кои не се присутни, не е во ред, а притоа кога некој од нас ќе побара процедурално да изрази негодувања по тоа прашање, конкретно за она што г. Илија Илоски го говореше не се работи за бранење на Ламбе Арнаудов, туку принципиелно не е во ред човек кога не е тука да го обвинувате дека купува, продава и краде.

Второ, пласман на политички памфлети дека кога ќе дојдат они на власт ќе прават тоа и тоа. Исто така и тоа не е во ред, а лично се сомневам дека ќе бидат некогаш на власт имајќи во предвид во петокот како поминаа и со која се екипа се фатија, претставени од нивниот лидер и она што значи екипа лево

и десно од нивната идеа, она што го пласираше во петокот. Ова е исто така господине Илија Илоски пласирање на памфлети како што вие пласиравте. Се држиме до дневниот ред, ќе се држиме и ние и вие и во име на фер плејот, во име на овој закон кој е многу сериозен. Ова е истото тоа што вие цело време го дискутирате и не толку суптилно како што знам јас дислоциравте. Тука сеуште може да ви кажам дека треба доста да учите.

Значи господине потпретседателе, вие сте тој кој го држи редот во оваа куќа и не дозволувајте пласмани на политички памфлети, не дозволувајте да се обвинуваат луѓе кои не се овде. Доколку утре дојде некој на власт и по пат на македонското судство се докаже дека направил криминални дела тогаш ќе можеме да разговараме не можеме да се претвориме ниту во судии од оваа позиција која денеска ја имаме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Должен сум како за сите пратеници, не држи тоа дека сум склон кон одредена пратеничка група односно на некој начин не обрнувам внимание кон ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група. Должен сум да одговорам дека секој еден претставник од Владата има предност и употребивте вие, мислам ненамерно дека судбината на пратениците зависи од нас. Тие се наши избрани луѓе, тоа е егзикутива, меѓутоа му дадов збор на заменикот на министерот бидејќи почнаа дискусии од одредени пратеници дали треба да се донесе законот или не треба и се создаде забуна меѓу пратениците. Јас мислам дека ова е втора фаза, првата фаза е помината и затоа не требаше да се створи конфузија кај одредени пратеници.

За збор се јави господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само кратка реплика на г-динот Флоровски.

Прво, г-дине Флоровски дали ќе се согласите или не со мене илеревантно ми е. Меѓутоа, вие денеска, за четири години 400 пати ја злоупотребивте говорницата, излегувајќи и од рамките на Законот и од Деловникот за работа и тн. Тоа воопшто не ме збунува.

Второ, незнам како вие ме разбравте и ме сфативте, земете го стенограмот и заеднички предлагам да го прочитаме на говорница во дует, јас никаде не реков дека Ламбе краде. Јас реков Ламбе купува филијали или банки и како што фатил можеби ќе ја купи и Народна банка. Цитирам што сум рекол. А вие рековте дека краде, па докажете што украл и каде украл.

Околу тие политички памфлети што ние ги пуштаме овде, напротив вие ги пуштате овде, од говорницата. А, дозволете сега и јас да го злоупотребам микрофонот. Ако 120 луѓе за вас не ви е доволно фијаско, на митингот, тогаш вие треба да се замислите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Илија Иловски.

Има збор г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Иловски, прво, моето чувство, г-дин потпретседателе дека на тој начин ќе работите не е само мое чувство. Тоа е чувство и на другите пратеници и на ВМРО-ДПМНЕ. Но, ваше право е да се браните дека не е така, а со тоа нема да го промените моето чувство дека на некој начин кога ќе побараме збор не прескокнувате.

Зошто реагирав дека му давате збор на заменикот министер пред мене? Затоа што 15 минути претходно копчето беше притиснато. Но не е проблемот во тоа. Проблемот е малку подлабоко што нас, пратениците не доведува, за жал и вас во подредена состојба и тоа во. пракса трае од 1990 година до ден денеска. Можеби е тоа и наш пропуст, општо говорам за сите пратеници, неводејќи сметка, кој на која политичка партија припаѓа.

Алузијата на Ламбе што значи, освен тоа што го кажа. Купување-продавање, џамбаска работа и тн, со поблаг збор значи тоа што го кажав јас и не е добро да обвинувате човек за кого немате докази дека тоа го правел. Реков, македонските правосудни органи ќе бидат тие кои ќе го кажат крајниот збор. Неможете да се претворите и во законодавец и во судија и во егзикутор. Тоа ми беше зборот.

Ако човек сака да живее во фатаморгана дека собрал 120.000 луѓе, тоа е негово апсолутно право. Јас не сакам да спорам со вас дека собравте 500.000 луѓе. Тоа е ваш проблем. Меѓутоа дека 3,5 години работење и плукале по оваа Влада, по ВМРО-ДПМНЕ, преку сите средства, преку сите медиуми, преку сите подземни и надземни канали, работејќи андерграунд, префинето и расипано, господо, премногу малку луѓе собравте. Тоа е катастрофа за една политича партија како што е СДС. Ако веќе алудирате на 120.000 луѓе, ќе ви кажам дека една добра половина ќе соберат два

скопски комитети на ВМРО-ДПМНЕ, Чаир и Гази Баба, заеднички, квлку што собравте вие г-до. Една добра половина. Да не говориме за другите комитети. Продолжете да живеете со тој сон, освен ако не одите на онаа втора варијанта дека и ВМРО-ДПМНЕ да победи, дека тие избори однапред ги прогласувате за нелегитимни и фалсификати и дека ќе го повикате народот да излезе на улица, а тоа веќе ќе биде на 16 септември. Една страшна работа која, г-до, воопшто и не треба да размислувате да покренувате граѓанска меѓу македонците за добивање на власт.

Јас пак ќе кажам, не ми треба власт ако некој доведе ситуација да кренам рака на својот македонски брат. Благодарма.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Александар Флоровски.

За збор се пријави г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Цело време сум присутен на седницата и претпоставувам дека точка на дневен ред е законот за стопански комори. Па, ќе се обидам да ја вратам дискусијата на законот, затоа што законот тоа го заслужува, бидејќи секоја намера да се одбегне расправата по законот е најблаго кажано обид да се одбегне кон дискусии овде, што би имале за цел да соочат концепти, дискусии што би имале за цел да придонесат да се донесе едно такво законско решение што ќе биде најсоодветно за македонската економија. (џагор во салата)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине Бузлевски продолжете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, обезбедете услови да продолжам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам, колеги пратеници, да го сослушаме нашиот колега Бузлевски:

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, Законот за стопански комори што е пред нас, навистина нуди една кокцепција што, најблаго кажано е конфузна концепција.

Сега гледам колкав е интересот од поедини колеги, некои од нив овде присуствуваат на оваа седница, воопшто не сакаат да размислуваат околу начинот на кој што Владата на соодветен начин, институцијата пратеник ја има потценето. Најверојатно дека тоа и го заслужуваат, затоа што ова не е гласачка машина што е инструментализирана од една коалициона Влада, која што, се што ќе понуди на овој Парламент и на начин на кој што го нуди, оваа гласачка машина тоа и го прифаќа.

Ќе ве потсетам дека овој Парламент, вие драги колеги, пред извесно време донесовте Предлог за донесување на закон за организирање на стопански комори. Тој закон во себе нудеше концепт што е видоизменет концепт, што се напушта со содржината на овој закон. Навистина, не е ниту за верување дека за два месеци или помалку од два месеци Владата се определила од интереси за неа познати, причини познати, да го измени концептот, ако зад тие причини нема и политички причини. А јас, кога веќе некој сака да говори и наа таа тема или да бараат да слушнат на таа тема, подоцна ќе зборувам.

Сега да ги потсетам колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека тие, заедно со останатите што се произнесоа по овој закон при крајот на април, пред нив имаше едне друг концепт на закон што во себе содржеше ама во суштина спротивен концепт од кој што овој пред нас што се нуди. Концептот се однесуваше на организирање на стопанските комори.

Во членот 4 од концептот на Предлогот за донесување на закон, се надевам дека е тоа овој што и вие го имате во вашата библиотека, а по кој што расправавме овде, што го поддржавме, стои дека во коморите се зачленуваат трговски друштва, банки и други финансиски организации, осигурителни друштва и други правни лица со седиште во РМ кои вршат трговска, занаетчиска, земјоделска или друга дејност. Тоа значи дека организирањето на стопанските комори се концентрира на дејности. Тој приод се напушта и сега одиме само на концепт што во својата содржина нуди концепт на организирање на стопански комори, за да знае јавноста за што се работи јас ќе кажам, дека во иднина, во РМ, ако се донесе овој закон, а вие ќе го донесете овој закон, основачи на комората можат да бидат најмалку 2 правни лица или физички лица запишани во соодветен регистар, врз основа на дејноста што ја врши. Значи, во Македонија може да има толку комори колку што има претпријатија, поделено со два. Тоа е концептот што се нуди, а што е видоизменет од оној што се нудеше порано.

Сега нема да дискутирам околу имотот на комората ниту по другите

елементи што се во врска со тоа. Секако ќе сакам да го дадам своето мислење од каде и заради што ја извлеков констатацијата дека станува збор за конфузен закон.

Познато е дека РМ тежи да го прилагоди своето законодавство со законодавството во развиените земји. Познато е дека тие напори што се прават во РМ од страна на оние што се задолжени да ги обработуваат законите, се скоро секогаш и поддржани во овој Парламент, затоа што целта е заедничка, РМ, сите заедно, ја приближиле кон Европа. Заради тоа ценам дека овде треба да се напомене и тоа каде овој закон или со кој концепт што е важечки во одредени земји може да се спореди.

Почитувани пратеници, познато е дека под системите на трговските комори, како што се нарекуваат популарно и делуваат на пример во 15 земји членки на ЕУ, 8: Австрија, Франција, Германија, Грција, Италија, Луксембург, Холандија и Шпанија се системи на јавно право. Ова го спомнувам затоа што имам дадено амандман по однос на овој закон со кој што даваме можности Комората да се вклопи во јавното право и, на ваков начин тие се основани, се регулираат со нивните национални закони. Додека во седум земји: Белгија, Данска, Финска, Ирска, Португалија и Шветска, се системи на приватното право, во кои трговски комори можат да имаат статус на асоцијации, како што е случајот со Белгија, Данска и Португалија. Или на друштва со ограничена одговорност како што е во Велика Британија и во Ирска.

Разликата меѓу јавните и приватните системи оди многу подалеку оди само номиналниот контекст. Покрај различните правни стурктури постојат и многу различни пријави кон трговските комори чии корени лежат во различните историски и социо-економски контексти. Познато е дека заради тоа гледано историски, а во контекстот на тоа и заради социолошките аспекти, овде експертите треба да го знаат тоа е "Наполеоновиот кодекс" врз кој што е организирана Стопанската комора на Франција.

Токму кога го споменав тоа, веднаш да кажам дека јавниот систем е директно инспириран од францускиот приод кон организирање на коморите, а додека системот на приватно право е концептуиран врз системот на Англо Саксонските земји. Но, тоа што е важно, во последно време е тоа дека овие два системи се приближуваат еден кон друг. Јас не би говорел овде и не би ве оптоварувал за сите околности, оние што се релевантни за јавниот и релевантни за приватниот систем, затоа што ценам дека е тоа постручна материја што треба да се презентира на други места. Меѓутоа, сакам да напомнам дека претходно спомнувајќи ги овие два типа што се доминантно инплементирани во законодавствата на земјите од ЕУ, наспротив нив, веднаш да кажам, концептот што го нуди овој закон не е познат до сега ниту во ЕУ, ниту во Тунгузија. Туку е концепт што се нуди за Македонија. (дофрлање од место)

Колега Данило, дојде, демантирај ме, располагам со документи, со аргументи, ќе ти покажам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине Бузлевски не полемизирајте со колеги. Јас сум тука за тоа.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мене ми е јасно дека не постојат директиви во ЕУ околу организирање на коморскиот живот. Не постојат директиви. Но, заради тоа што не постојат директиви, затоа е различен моделот на организирање на стопанските комори во Европа. Но, овој, нашиот што се нуди во РМ е концепт што го нема никаде во светот.

Навистина ќе гласав со огромна енергија ако се задржеше концептот што се нудеше во декември 2001 година. Наполно се согласувам дека тоа е концепт што е по мое согледување и тогаш бев навистина задоволен од тој концепт што се нудеше од Владата и што овде се бранеше од Владата, е концепт што нудеше во себе организирање на коморите на начин што одговара, по мое мислење, на РМ.

Почитувани пратеници, станува збор за сериозен закон, за чие што донесување навистина гледам потреба, не заради содржината, против содржината сум, но заради покренување на процес или давање законска можност да се изорганизираат коморите наспроти сегашната оргнаизираност на комората во Македонија. На самиот почеток спомнав дека сум за носење закон за стопански комори. Сум да се промени амбиентот на организирање од коморски аспект на правните лица во РМ.

**ДИМИТАР БУЗЈТЕВСКИ:**

Навистина не сум на ваков начин како што се нуди со здружување само на два правни субјекти, туку сум на начин тоа да се направи во неколку комори кои во себе како концепт ќе ја респектираат дејноста која што му е блиска. Навистина на тој начин, под претпоставка дека тоа би било задолжително здружување, би добиле

третман на јавни, би се вклопиле во јавното право со можности доброволно по нив да пристапуваат други правни лица од други дејности, за остварување на дел од правата за кои е надлежна таа комора, организирана врз основа на дејност. Затоа јас сега ништо друго не кажав или ништо повеќе не кажав по однос на тоа што Владата го имаше понудено во месец декември 2001 година. Јас навистина го ценев тој концепт кој на свој начин е изменет со овој предлог и мислам дека е јасно каков однос ќе имам во чинот на гласањето.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Бузлевски.

Во меѓувреме пристигна и министерот за економија, господинот Бесник Фетаи. - Повелете господине министре.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас бев зафатен, неможев да присуствувам од почетокот на седницата, во меѓувреме пристигнав и малку сум изненаден од одделни пратеници како ја напаѓаат мојата личност околу донесувањето на пакетот измени и дополнување на законот. Доколку лично имаат нешто против можеме и приватно да се видиме, меѓутоа не би било така, лична увреда да има директно со мене. Тоа како прво.

Второ, сакам да потенцирам одредени работи, еве посебно пратениците од СДСМ нешто се настроени негативно кон мене па сакам да кажам дека во нивно време сите закони беа преведени во Министерството за економија а беа донесени од страна на овој Парламент. Ќе потенцирам дека сите закони се во ред, како беа донесени, како се направени и како се преведени, врз основа на тие социјалистички книги што ги прочитале.

Точно е тоа, што ми се префрла јас сум распределувал контингенти, меѓутоа ги наследив 11 години од нив, а тие контингентите ги давале само на една фирма, на покојниот Шутурков, на "Македонија-Табак", а исто така продавале нафта на улици, низ цела Македонија, тие го знаат тоа време и во времето кога беа убивани децата во Косово тие продаваа нафта на Србија и тн.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине министри ви дадов збор само за законот, а не за тие трансакции кои се направени. Ве молам немојте на тој начин да зборувате, бидејќи ќе ви го земам зборот.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Само му репилицирам на претходниот дискутант кој бил директор на Царинска управа во тоа време, а то^ ги направил сите работи, преку 200 милиони долари беа отворени границите спрема Србија. Само толку.

Што се однесува до Предлог-законот за стопанска комора, не знам зошто толку негативно сте настроени кој овој предлог-закон иако тоа е англиски концепт. Доколку сакате тоа да го знаете, можете да го прочитате, каде доброволно се засноваат стопанските комори и тн.

Постојат два модели во светот. Првиот модел се организира како јавна институција. Вториот модел се организираат како независни правни лица, непрофитабилни.

Такво нешто сега функционира во Англија. Тоа можете да го проверите и ќе видите дека така се оргнаизирани коморите.

Зошто да не постојат повеќе комори, туку само една комора како што беше сега. Тоа значи дека беше создаден монопол во државата од кој не беа задоволни малите фирми на кои никогаш, Стопанската комора на Република Македонија, со Законот од 1990 година што беше донесен не беа изразени во постоечката стопанска комора, туку беше поставен само еден директор кој околу 20 години функционираше и никогаш не беше во функција на изразување на интересите на правните субјекти во Република Македонија.

Зошто предлагаме само две компании, иако имаме амандмани 50 компании да формираат една стопанска комора. Зошто предлагавме само две компании да формираат една комора. Предложивме прво да се создаде конкуренција околу основањето на стопанските комори што за извесно време пазарот ќе покаже каде ќе најдат интереси стопанските субјекти таму тие ќе се определуваат. Не значи дека ќе се формираат илјада комори и тн. Ти можеш да формираш и 50 илјади комори меѓутоа правниот субјект нема да се зачленува во таа комора, ниту ќе плаќа членарина за тоа што нема интерес. Тука би го поставил прашањето дали здруженијата во Република Македонија функционираат поефикасно во интерес на развојот на самите претпријатија, или постоечката Стопанска комора. Владата секогаш беше потресена кога реагирале здруженијата, а не кога реагирала Стопанска комора. Стопанска

комора реагираше само за интересот на една лоби група во државата.

Исто така во законот предвидовме здружение на комори, на регионално ниво. Понатаму, е предвидено сојуз на комори. Тоа значи дека доколку се формираат три, четитри или пет комори, тие можат да ги претставуваат интересите на неколку комори надвор од земјата, во сојуз со други земји од светот. После извесно време, јас ви гарантирам дека со создавање на конкуренцијата ќе се зголеми квалитетот на коморите кои ќе бидат во функција на развој на самото стопанство. Тоа ќе придонесе позитивно врз економскиот развој на земјата. Токму поради тоа ние предлагаме вакво нешто.

Му предлагам на Собранието на Република Македонија, особено на позицијата, не не интересира опозицијата дали ќе гласа, да го прифати законот бидејќи законот создава конкуренција, законот елиминира монопол, законот е либерален, секој во државата да има право да формира комора која ќе биде во функција на интересот на правните субјекти на Република Македонија, а не во функција само на четири големи претпријатија кои сега се во Скопје. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Бесник Фетаи.

Меѓутоа, должен сум да го предупредам министерот. Ќе мора секој еден министер, односно Влада да знае дека не може да се постави над законодавниот дом, бидејќи секоја Влада произлегува од законодавниот дом. Тоа е првата работа.

Втората работа е дека не може министер овде да изјавува, пресметување надвор од салата, бидејќи тоа е надвор од сите норми.

Трета работа, не може да кажува, не ме интересира опозицијата, бидејќи без опозиција нема ни конструктивна позиција и обратно. Затоа ве молам такви изрази овде на говорница не ни доликуваат на сите нас, меѓутоа, за жал, вие ги употребивте.

За збор се пријавил, заправо процедурално за збор се јавил господинот Илија Илоски. Овде на екранот јас тоа го гледам.

(Реакции во салата од страна на пратеничката Ѓулистана Марковска, со забелешка зошто потпретседателот дава збор само на одделни пратеници).

Се извинувам нешто не е во ред со екранот.

Збор има Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Се извинувам, само едно објаснување, господине Бузлевски.

Госпоѓа Ѓулистана точно вие сте пријавени за збор, меѓутоа предност има господинот Бузлевски бидејќи реплицира.

Повелете господине Буслевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас навистина сакам да спорам со концептот кој беше изложен овде и во тие рамки ќе се обидам...

**ОЛОМАН СУЛЕЈАМНИ:**

Господине Бузлевски вие добивте збор, меѓутоа процедурата има предност.

Госпоѓа Ѓулистана Марковска бара процедурално.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине потпретседателе, очигледно, колку што јас го познавам Деловникот, а верувам дека го знам, од причина што сум долго во ова Собрание.

Некој за да се повика на процедурата треба да каже на кој член од Деловникот. Мислам дека и вие ја злоупотребувате вашата функција на спикер на ова Собрание со тоа што на луѓето кои што сакаат да реплицираат, а во овој случај еве тоа и рековте дека господинот Бузлевски го бара им давате право на повторна дискусија. Тоа апсолутно не е во ред од причина што секој кој сака да зборува има право да се пријави за дискусија, а ако се повика на процедурата ќе треба да каже точно на кој дел од Деловникот. Очигледно дека тие правила во овој случај важат за претставниците на позицијата, меѓутоа не и за опозицијата. Според тоа не знам по кој член вие првин рековте дека господинот Бузлевски има право на реплика на излагањето на министерот, ако се знае дека право на реплика имаат пратениците еден на друг. Господинот Бузлевски може да се пријави повторно за збор, не е ограничено правото на збор и може да каже што сака, како што всушност и досега зборуваа сите кој што сака, со цел да не се донесе законот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

И благодарам на пратеничката Ѓулистана Марковска.

Овде на екранот гледам многу пратеници се пријавиле за реплика.

Господинот Замир Дика. Повелете.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, поради сите овие деловнички несогласувања, ние како пратеничка група бараме пауза од половина час, ако ни дозволите да излеземе со коментар.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

По барање на пратеничката група на ДПА, давам пауза од половина час.

(Седницата продолжи со работа во 17,05 часот).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Сосема на почеток да кажам дека нема да ги коментирам одредени искажувања на министерот кои излегоа од темата од едноставна причина што сметам дека тоа са несреќно искажани зборови во склоп на еден амбиент кој беше присутен, а се во склоп на една пожестока расправа која се оствари во врска со Законот за стопански комори.

Јас и во мојот настап кажав дека јас сум за промена на Законот, јас навистина силно би го подржал решението кое овој Парламент во прва фаза го прифати. Тоа го спомнав. Но, со ова решение јасно кажав дека нема да *се* согласам затоа што правејќи обид да го вклопам овој законски проект во познатите системи на организација на Стопански комори кои во светот се од два типа првиот јавен или таканаречен континентален систем на организирање на стопански комори и вториот приватен кој интензивно тежнее да се приближи кон јавниот и кој иако е од англосаксонски тип има обележја на многу јавни функции кои им се доверени на приватниот концепт на организирање на Стопанските комори.

Според тоа, согледувајќи дека овој законски проект не се вклопува ни во едниот ни во другиот и дека е, по мое скромно познавања, единстван од овој тип кој се предлага за организација на Стопанските комори во РМ јас тоа решение нормално го спорам. Отаму мислам дека многу силно звучи тоа што беше искажано на Парламентот од страна на министерот дека не му е важно како опозицијата ќе се произнесе важно му е позицијата да гласа, тогаш мислам дека единствена цел и целисходност на нашето јавување на јавно изречениот збор во врска со законот е да го слушне тоа јавноста. Јавноста може да процени, а во иднина тоа времето ќе го потврди, во пракса аплицирам законот дали е погоден за РМ, дали е правото решение за РМ или оние решенија кои ние и во дискусијата и со амандманите ги понудивме.

Еве го мојот дел од репликата која се однесува само на делот на стручноста, а сосема на крај ако некого го ентересира, бидејќи министерот го ентересираше, нека го отвори сајтот на Светската царинска ореганизација и нека види колку лица имаат добиено највисоко одликување од таа организација и дали ќе најде во Македонија друго освен едно лице кое сега дискутира како високо наградено од таа Светска царинска организација.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Димитар Бузлевски.

За збор е пријавен г-динот Јордан Бошков, но не го гледам тука.

По него е г-ѓа Ѓулистана Марковска.

(Реплика бара г-динот Илија Илоски, но кажано му е после говорот на г-ѓа Марковска).

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувна потпретседателе, дами и господа пратеници, морам да кажам дека немав намера да се јавам за дискусија во врска со Предлогот на законот за Стопански комори од причина што еве морам јавно да признам дека во тој дел не ги познавам доволно работите освен во доментот на тоа како е организирана Стопанската комора, бидејќи го прочитав стариот закон и на колку асоцијации е поделен нејзиниот делокруг на работата.

Од сите досегашни дискутанти претежно од страна на опозицијата кој во старт се изјаснија против донесувањето на овој заксн, очекував фактографски или ако сакате и со аргументи да кажат во кој член и во кој домен не е добро изработен законот и што е тоа што досегашната асоцијација Стопанска комора на РМ во текот на своето 12-ет годишно работење успеала да го направи со цел одредени стопански, правни и физички лица кои се членки на тие асоцијации внатре во Комората да го подобри нивниот статус, да го

подобри развојот на гранката што ја претставува и во определени моменти да се спротивстави на Владата односно Парламентот во донесувањето на одредени законски проекции кои го кочат стопанскиот развој.

Од целокупната дискусија што до сега имав можност да ја слушам во тој домен апсолутно ниту една расправа немаше. Се она што беше речено можам само да го оквалификувам како една комплетна опструкција за донесување на еден од законите кој ќе овозможи комплетна промена на структурата на стопанството на РМ и кој ќе овозможи побрзо членство на Македонија во Светската трговска организација. Зошто го зборувам ова?

Ова го зборувам од причина што сите дискусии произлегоа, а беше прозирно да се види од брифинзи што поедини досегашни членови или претседатели на поедини асоцијации внатре во Комората го извршиле како нормален дел од својата рабтоа со цел сегашната Стоанска комора да се одржи и да опстои таква кава што е...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници, ве молам за тишина да ја следиме седницата.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Имено, Стопанската комора на Македонија е оформена во време кога Господ одеше по земја. Стандардот на вработените на Стопанската комора воопшто и на граѓаните на РМ тогаш беше добар. Меѓутоа, Господ одамна престана да оди во РМ, нашето стопанство е такво какво што е и тука знаеме дека Господ не оди, вработените во Стопанската комора останаа со сите привилегии, со целиот бенефициран статус што го има од 1990 година па до сега. Така што од тие причини можам да го почувствувам отпорот на вработените внатре во Комората зошто се распаѓа асоцијацијата која толку години на нив им нудеше да живеат не пристојно, туку вон стандардите на РМ многу подобри од одредени функционери кои постојано како јавни функционери се на домет на печатот и на се она што значи електронски медиум."

Меѓутоа, од она што овде беше истакнато, посебно на дискусијата на последниот пратеник и на оние што се јавуваа за повеќе реплики, јас не успеав да сватам што е тоа што во овој закон нечини. Заради тоа што она што е дадено како содржина на законот -основните одредби како основачки акт, како статут, како начин на организација, како начин на регистрирање и конечно како работа во ништо не се коси со она што досега постои како принцип. Единствено нешто што се коси е монополот што една асоцијација го имаше со годинина ред. Односно, ако секате во секоја организација секој статус се гради од темелите, па до куќата кај нас се случи обратното. Најпрвин се направи Комората односно се тргна од покривот, таму има одредени не да ги наречам босови, туку има одредени луѓе кои претставуваат имиња во тие одредени гранки дали во текстилната, прехрамбената, земјоделската, кожарската кои имаат сосема привилигиран статус и нормално да си го штитат тој статус.

Во меѓувреме од 1990 година па наваму во РМ нема веќе големи фирми. 90% од правните и физичките лица спаѓаат и го имаат статусот на мали и средни петприајтија. Тој статус на мали и средни претпријатија апсолутно не го штити никој. Бидејќи не го штити никој, а големите често забораваат на оние што се помали, најнормално е да се промени организацијата со тоа што нормално ќе го расипе статусот што досегашните таканаречени големи организации го имаат од таа причина гледам зошто е толку голем револтот на големите организации на сметка на помалите.

Овде единствено конкретно што се спомна е зошто и дали може согласно член 9 став 1 две фирми, тоа беше парафразирано, 2 правни или физички лица запишани во соодветен регистар да бидат основачи на Комората. Се разбира тоа е најмалиот лимит, бидејки само две можат да направат множина и дури вака да се оформи една стопанска комора, следејќи го целокупниот ангажман што таа треба да го има истата ќе се претопи и не може да претставува соодветна респектабилна асоцијација. Верувам дека во амандманската расправа, со цел ова да не звучи вака лошо и да биде парафразирано така како што беше објаснувано од страна на претставниците на опозицијата дека Владата ќе прифати еден амандман за кој се потрудив претходно да го дадам, дека најмалку 50 физички лица би бил основниот лимит . Повторно велам дури и 50 не се доволни, но 50 претставува респектабилна бројка на која можат да се приклучат и останатите асоцијации со цел да се направи една Стопанска комора која ќе може да биде вистински респектабилна асоцијација која ќе може да го одрази интересот на гранка за која сфера е

формирана. Верувам дека тоа Владата односно претставниците на Владата како амандман ќе имаат слух да го прифатат а се останато апсолутно не гледам никаква причина зошто не би можело да се оформи или да ги добие јавните овластувања кои во овој случај државата односно Министерството за економија ќе се откаже, а понатаму кои ќе бидат со статутот односно со другите подзаконски акти кои ќе бидат нужни при регистрација коморите во суд да ги поднесат ќе бидат дадени на разгледување и кои ќе можат да бидат прифатени.

Она што очигледно најмногу боде очи е членот 33 и членот 34. Што значи тоа? По престанокот на работата на Комората имотот и средствата што остануваат по намирување на обврските се користат на начин утврден со Статутот на Комората односно согласно овој член понатаму во преодните и завршните одредби имотот за кој ќе се утврди дека е во сопственост на Стопанската комора на Македонија ќе се пренесе на новоснованите комори, а останатиот имот останува во сопственост на РМ.

Токму кога сме кај имотот настануваат сите пречки. Овде дирекно од страна на еден дискутант беше речено како е можно одредени големи асоцијации, како што се АД "Пивара", АД "Железара", АД "Цементара", АДАпкалид", АД "ЕМО" и икс други да не добијат дел од имотот. Видете, кога се создавал имотот на оваа гигантска организација која има доживотен претседател, верувам и вработени кои имаат сосема добар статус тие АД не беа АД, туку беа државни односно општествени претпријатија чиј имот беше сечиј и ничиј. Во меѓувреме овие претпријатија станаа приватни, не навлегувам на кој начин е извршена трансформацијата, туку факт е дека тие станаа приватни. Сега веројатно не очекуваат тие еден државен имот кој бил создаден од државни претпријатија државата да им го намени на приватните АД. Сосема нелогично. Нормално е државата да се јави како титулар, а после тоа да им го префрли на оние кои ќе бидат наследници на Стопанската комора односно на гранката која ќе ја претставуваат.

Овде беше зборувано дека не се работи за некаков значаен имот, беше спомната дури и зградата, па се рече ако толку Владата запнала да ја земе зградата, а не гледам причина зошто Владата да запне која има државен имот, зошто би требало да се срамува една Влада која ја претставува РМ од државен имот кој е направен претходно од некоја друга Влада или други државни асоцијации.

До сега Стопанската комора на Македонија данокот кој го прибираше од државата не, туку од сите граѓани на РМ, а тоа е 0,1 % од сите оние кои беа вработувани во стопанството без оглед на тоа колкави беа имотите на годишно ниво изнесуваше 1,5 милиони ДМ, а од страна на кириите со кои располага Стопанската комора по основ на Стопански комори кои беа нејзини претставништва во странство прибираше 2 до 3 пати повеќе поголом данок што значи дека се создаваше еден не пристоен, туку одличен доход од кој живееја одредени доживотни претседатели и вработените од 70 до 80 бројка.

Ако го пресметате тоа очигледно дека брифингот што го нарпавиле на претставниците на опозицијата и што овде беше истакнато дека ВМРО-ДПМНЕ се руши, па ќе ја сруши и Комората, не е точно. Се работи исклучиво за пари, а ВМРО-ДПМНЕ не срушило до сега ништо. ВМРО-ДПМНЕ направило реформи и повторно ќе прави во економската сфера и покрај сите нелагодности што ги имаме што ги гласаме овие закони за кои се рече дека се гласачка машина и покрај сите противења што ги имаше од страна на опозицијата заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ го заокружува економскиот пакет на реформи, сакате во сферата на финансиите, сакате во сферата на банкарството, па еве и во сферата на економијата.

Ако седнете да расправате со сите овие луѓе кои се задолжени за наш прием во СТО прво што ќе ви кажат ослободете се од тој баласт од комунизмот односно ослободете се од се она што претставуваше гломазна асоцијација во која малите акционери и малите претпријатија не можеа да дојдат до израз. Таков баласт претставуваше и Стопанската комора на Македонија. Можеби направила нешто добро, јас од дискусијата до сега не успеав да сватам кои се фактите што досега Стопанската комора успеала да се наметне и да го штити стопанството, да ги штити стопанствениците од даноците, од фискализацијата, за подобар статус за развој, тоа не успеав да го слушнам како аргумент, верувам дека такво нешто до сега немало. Тоа претставуваше една

организација која на досегашните влади им служеше како продолжена рака за одредени проекти да ги оправдаат дали тука или надвор. За жал дури оваа Влада тоа да сака идната Влада која год да биде и чија год да биде нема да може да го оправда сакате пред СТО, сакате пред ММФ, сакате пред Бордот, Светската банка и најпосле сакале пред нашите граѓани, бидејќи прво ние како граѓани без оглед дали седиме тука или не ќе се побуниме во старт зошто некому да му плаќаме 0,1 % од нашата плата ако не знаеме зошто одат тие пари.

Според тоа, оваа трансформација што се прави е нужност во РМ, го разбирам интересот на вработените во Комората да си го заштитат својот статус ама не го разбирам интересот на опозицијата да вели дека некому во овој момент му е многу важно кој *ќе* седне во таа зграда. Во таа зграда повторно ќе седат претставници на некои комори кои нема да ги штитат крупните и големите бидејќи такви капиталисти односно во РМ таков капитал нема, туку во РМ ќе го штитат интересот на средните и малите претпријатија во кои малиот акционер е може да зборува за својот развој и ќе ги штити парите кои ќе ги зема од оние на кои е наменет ќе може да одговара. Очигледно дека ваквата концепција некому не му се допаѓа, меѓутоа, дали сега или понатаму ќе мора да ја завршат што порано, а тоа подобро и затоа сметам дека се работи за добар закон со цел да не се врши парафразирање во јавноста дека во РМ дури и два најмали субјекти можат да формриаат комора, формално-правно можат меѓутоа дефакто не можат да функционираат, апелирам до Владата да го прифати амандманот од 50 субјекти, сметам дкеа ние ќе донесеме вистински закон со кој нашите претставници кога ќе одат да разговараат на страна, но и овде во државата ниту ќе се срамат, туку напротив ќе можат да работат за доброто на стопанството. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Можеби немаше да дискутирам ако не го чув мислењето на министерот и неговиот заменик. За жал, тотално сум разочаран од нивните искажувања бидејќи не слушнав ниту еден аргумент зошто по секоја цена се уништува комората, односно се формираат илјадници други комори се со цел да се уништи едно долгогодишно искуство кое функционира околу 30-тина години, а да не се искористат нивноте сознанија.

Овде беше напоменето дека расправно било во Собранието комисиски а не е кажано што било расправно на тие комисии. Ние кои не сме членови на комисии незнаеме што се дискутирало и што се ви било укажано на тие комисии.

Исто така, кажавте дека и Комората расправала, а не го кажавте кој е ставот на Комората. Сигурно Комората не го прифаќа нејзиното уништување. Па поради тоа, се јавив за дискусија. Ќе тргнам од една поговорка како и обично. Не треба да се биде многу паметен да се констатира, ако се влезе во вода дека ќе се излезе воден. Не треба многу да се биде паметен дека ако се уништи Комората ќе нанесете голема штета на македонското стопанство. Можеби таа ви е правата цел, затоа што досега ги уништивте сите институции кои добро функционираат во државата. Почнувајќи од образованието, култура, здравство, земјоделие, шумарство. Се и сешто уништивте, така да дојде на ред и Комората. На овој начин верувам дека ќе ја уништите и комората. Ние ви укажувавме и кога ги уништувавте одбранбените системи и за народната одбрана и за полицијата. Вие и тогаш се смеевте и тогаш имавте ваши оправдувања. Се виде дека тотално грешите, или незнаете, или свесно одите се да рушите.

Зборувавте за некакви реформи. Ја гледам пред мене Ѓулистана Марковска која спомна како ДПМНЕ извршиле реформи.

Госпоѓо Ѓулистана, јас знам реформи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Симев, вие зборувате пред Парламентот, а не треба да се обраќате на госпоѓата Ѓулистана Марковска. Не спомнувајте имиња.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ако беа извршени реформите, сите ние знаеме која е целта на реформите. Целта на реформите е кон подобро. Подобра иднина, подобро здравство, подобро образование, подобра култура, подобра индустрија, земјоделие, шумарство, стопанство и тн. Дали во некој ресор има подобрување. Во ниеден. Значи, немаме реформи или

најлоши реформи на реформи се извршени. Или од незнаење, или свесно. Стопанската комора е една од подобрите асоцијации кои функционираат во Република Македонија и не ми е јасно зошто се настојува токму тоа што добро работи да се разнебити. Навистина не ми е јасно, а не слушнав аргументи зошто се настојува да се разреши.

Во комората се здружуваат доброволно голем број на стопанственици од најмали до најголеми. Тоа е нејзината предност со сите заедници дискутираат и ги бараат проблемите, почнувајќи од увозот до извозот и сите тие имаат една заедничка цел. Што подобро да заработат, односно да произведат што поефтина роба да ја пласираат или што повеќе роба да пласираат на странските пазари, како и да се здобијат со што поголема пазар, односно да освојат поголем пазар.

Ако им е таа целта, сите заеднички кога се здружени, зошто тогаш да ги раздружуваме. Прашувам зошто, освен ако се нема некоја друга цел. Која е целта на раздружувањето? Имавме можност повеќе пати да прочитаме во печатот исто така и луѓето кои ја познаваат добро оваа проблематика да укажат дека една од целите е како и досега што се вршеа безброј реформи, да им се одземат објектите. Сигурно објектите се атрактивни, па на некој му се допаднале, убави се, па дајте сега да извршиме реформи и тие објекти ќе си ги присвоиме.

Втората причина е да се руши унитарниот карактер на државата во сите сегменти се удира каде што постои унитарност. И овде имавме унитарност и овде се настојува да се разреши унитарноста, почнувајќи од образованието, каде унитарноста е разрушена. Еве, имаме сега коморите. Деновиве имавме можност да слушнеме од фудбалот. Значи, секаде се настојува паралелно да се формираат здруженија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Симев, зборувајте во врска со законот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, да, во врска со законот. Сите стопанственици ако се здружени во една комора, тие ќе бидат посилни. Не треба да ви ја кажувам приказната со снопчиња стапчиња. На сите добро ви е позната верувам. А вие предлагате два субјекти да формираат комора. Значи, илјадници, односно стотици да бидат комори. Како тие ќе функционираат и како ќе се здружуваат. Како ќе соработуваат изгледа само вам ви е јасно и на никого повеќе.

Морам да ве потсетам на зборовите на министерот, кога рече мене воопшто не ме интересира што мисли опозицијата, туку ме интересира што мисли позицијата или ќе работма во интерес на Македонија. Не смее да не го интересира. Точно министерот се треба да го интересира. Што мисли позицијата и опозицијата. Ние треба заеднички да градиме ставови, заеднички да укажуваме и да се надградуваме. Јас прифаќам реформи, но требаше да се надградуваат, односно да се надградува комората, а не тотално да се уништи за да се формираат други стотици. Јас верувам дека имаше нешто добро. Исто така, и заменикот министер напомна дека не чинел директорот. Дваесет години бил директор. Не тврдам дали чинел или не чинел. Можеби да не чинел. Но, ако бил 20 години, кажете дека тоа е аномалија и дека директорот треба да се менува секои четири години. Или овој директор не е способен треба да го сменат, нека дојде друг. Ако е добар, нека биде и 20 години. А аргументи не слушнав зошто се руши она што има иднина.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално се јавува господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Нека каже некој повторно дека мојата забелешка не е на место. Ова апсолутно немаше врска со предложениот закон. Повторно излегувањето на оваа говорница го користи за фрлање на политички памфлети, да не кажам небулози, но воопшто не ми е јасно зошто господинот Симев толку се труди кога има предвид дека неговиот шеф на партија не му даваше 600 германски марки да отвори канцеларија за сопствената политичка партија во Битола, за да може да се кандидира. Воопшто не ми е јасно која е вашата тенденција и она што држи како критика го прифаќаме како такво, но да се плука на се, да се плука дека оваа Влада не правела реформи од истите тие европјани беше прогласена за реформска влада, денес користите една сосема поинаква ситуација, излегувате и само за она што е ваш личен интерес. Една моја лична порака до господинот Симев. Нема потреба толку да се докажува, затоа што господине Симев судбината на вашата партија одамна е скроена. Јас и на

некои претходни дискусии го кажав следното: дека бројот на вашите пратеници ќе биде еднаков на нула.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Прво да му речам на мојот колега Флоровски дека врска немаше со процедурата, јас ви дадов да реагирате процедурално.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

И покрај тоа што ме советувале голем број интелектуалци да не му возвраќам, или реплицирам на господинот Флоровски, бидејќи кажа многу голема невистина, господине Флоровски, морам да ве разубедам и да ве потсетам да прашате. Јас доаѓам од Битола, бидејќи бев вчера во Охрид, Струга, Кичево, целата моја изборна единица и Лозар го посетив што сакате да го уништите и немојте овде невистини да кажувате.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Вангел Симев.

Повторно за збор се јави господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Повторно изразувам длабоко жалење. Јас само пренесов она што вие господине Симев му го кажавте на господинот Черкезов, се жалевте на вашиот статус во сопствената партија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Александар Флоровски.

За збор се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас сакав моето право во форма на реплика да се јавам, но бидејќи потпретседателот немаше многу желба, формата по втор пат да се јавам за дискусија, ќе бидам краток.

Не можам да замислам колеги пратеници, кои сме притискале на копчињата таква дрскост, таква препотентност, таков безобразлук, преку сопствената личност да покажете на нас пратениците и према народот кој не избрал за господинот Бесник Фетаи. Замислете што се изговори и го повикувам господинот Георгиевски, премиер на Владата на Република Македонија барам да му оди да се извини. Па и шамар господине Милане, ако ти мислиш така, јас прифаќам така. Вие господо што мислите, што знаете, колку умеете вас не ве слушам, вие сте опозиција, не ве забележувам и тн.

Господо колеги пратеници, према моите почитувани респектирани пратеници од албанската националност немам албанофобија. Напротив, имам другари и пријатели и овде и надвор. Многу субјекти, личности од неговата партија, па и од останатите партии од албанска националност имаат поголем капацитет да седат на неговото место. Таква дрскост нема никој екслузивно право во овој парламент и во Република Македонија да негираат било кои граѓани на Република Македонија. Не е ова арена, борилиште да се повикува приватно да се видиме или да се пресметуваме физички. Сме дале доверба на министер за економија каде и јас имам партиципирано и учествувано во тоа и со таква дрскост кога овој народ нема од што да живее не се наоѓа на работ на егзистенцијата, туку испод работ на егзистенцијата. Извинете, и ние тоа да го толерирале дали е од ВМРО-ДПМНЕ, дали е од СДСМ, никој не ни дава за право со такво девалвирање и негирање. Извини господине Фетаи, вие ако сте образован има во оваа маса образовани луѓе, кои цркнувале за оваа држава, кои 25 години крваво работеле во стопанството, во економијата и моето мислење, знаеме, умешност, способност, фрлено во индустриската пракса да го негирате. Не само на мене, на илјадници македонци, албанци, срби и турци. Прочитајте го мојот стенограм и стенограмот на мои колеги кои дискутираа. Дали тоа беше девалвирање на личноста Бесник Фетаи. Тоа беше само еден апел, предмет како да резонира Владата на Република Македонија и министерот Бесник Фетаи. Вие сега со каква дрскост и безобразлук овој мисли, оној не мисли, не е тоа политички маркетинг. Тоа е само еден приод. Наместо да се заблагодарите да кажете дека вие сте работеле во стопанството ги знаете сите слабости и позитивности. Ниту сум работел, но животното искуство на илјадници стопанственици, менаџери, кои работеле е многу поогромно, отколку на било кои и еве сега и на личноста не сакам повторно да ја спомнувам. Тоа е крајно безобразно, дрско, а најмалку се очекува 09 еден партиципиент, министер во Владата на Република Македонија. Не можам да замислам и да го прифатам дека коморското организирање во Република Македонија е во интерес на група луѓе.

Господине, било кој што учествува во продажбата на Македонија. 50 години што се градеше, вие сега за 5 часа го продавате тоа. Тоа што заправо генерации и генерации го создаваа преку владите на Република Македонија, преку стопанското и коморското организирање, низ институциите на власта и сега вие пак, ќе плукнете, ова не важи историјата македонска, стопанска, економска, од денеска почнува со мене, од Бесник Фетаи или било кој министер на Владата на Република Македонија.

Јас како пратеник на СДСМ со такви девалвирања, негирања, на севкупните постигнувања во изминатиот период не го прифаќам. Еден од дискутантите рече во комунизмот на многу од овде тој еднопартиски систем им беше база од такви не можеа многу мали луѓе да дојдат, кои се во мозаикот на градењето на севкупните постигнувања во Република Македонија, а ние сега многу лесно тоа го негираме, девалвираме, а знаеме за последните 10 години, а посебно за последните 4 години од ден на ден се повеќе животниот стандард опаѓа наместо да имаме техничко-технолошки развој, ние имаме уназадување и тн. Не беа фирми сечии и ничии. Од тие фирми илјадници и илјадници луѓе егзистираа и многу нови објекти се направија. Раководеа работниците, менаџерите, институциите на државата. Откога станаа тие фирми на некого, тие фирми не работат. Во овој момент можам најмалку 10 фирми да набројам во последните 4 години и тоа во кои имаше со илјадници вработени кои работеа одлично, а сега не работат, ниту земаат плата.

Затоа ве молам, до Министерството за економија, до господинот Бесник Фетаи јавно да се извинат пред македонската јавност, со такво негирање не смее да настапува пред оваа парламентарна говорница, како што ние сме учествувале и партиципирале за неговиот избор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ванчо Чифлиганец, меѓутоа требаше повеќе за законот да зборувате.

За реплика се пријави господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека ваквиот вокабулар, токму ваквиот вокабулар не придонесува за конструктивна расправа, што се однесува по законот за стопанските комори. И ако сакаме да критикуваме, нормално важи правилото, ако имаме аргументи да се спротивставиме на аргументите и ако некој употреби некоја реченица спротивставувањето не би требало да биде од пратениците во таков вокабулар, бидејќи вака ако продолжиме незнам до каде ќе стигнеме.

**ЗАМИР ДИКА:** (продолжение)

Господинот Бесник Фетаи еве еден месец се спомнува. Јас ќе ви прочитам од "Утрински весник" од весникот на СДСМ, изјавата на г. Батлер, амбасадорот на САД во регионалната конференција за развој на Југоисточна Европа во Скопје. Тој вели: тој посебно изрази пофалба за министерот за економија Бесник Фетаи за она што го направил за влез на Македонија во СТО, изрази надеж дека наскоро ќе го поздравиме и овој чин. Сами знаете дека со адаптирањето на овие закони ние ќе се приближиме до вратата на СТО и со сите предзнаци во септември се очекува дефинитивен прием на РМ во СТО. Што значи СТО и зошто ваквиот вокабулар вие токму го пренасочувате кон министерот за економија г. Бесник Фетаи. Затоа што вие господа со вашето 10,50 години раководење со сите сектори во РМ, па и со економијата на РМ, со новите трендови за пазарната економија не успеавте својот менталитет да го адаптирате. И затоа РМ од 1991, 1992, 1993 до 1998 година падна на колена економски. И вие ден денес со ваквиот вокабулар спротивставување на принципите за влегување во СТО, а тоа е либерализација и на финансиите и на економијата. Значи, вие сте се научиле со едноумно и монополски да размислувате. Вам не ви пречи сега една стопанска комора која беше мртва, ама само да е монополска и ние да имаме контрола врз таа Стопанска комора. Мислам вашиот начин на разбирање на новите трендови во економијата а и во финансиите е вашиот проблем, а не е проблемот г. Бесник Фетаи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Должен сум сите пратеници да ги потсетам, ние на дневен ред имаме точка Предлог на закон за стопански комори, а не интерпелација против министерот Бесник Фетаи. Ве молам, тука да внимаваме.

Процедурално г. Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, токму тоа сакав да го споменам дека институцијата разрешување односно интерпелација за одредени министри на Владата е позната, ја дозволува и Деловникот на Собранието, па и Уставот. Затоа јас ве молам како претседавач на оваа седница да укажувате на сите дискутанти кои не се придржуваат на дневниот ред. А патем би рекол дека јас како човек, бидејќи го слушав министерот Фетаи што рече, не чувствувам потреба дека тој треба да и се извини на целокупната македонска јавност од причина што со ништо во својата дискусија не ја навреди македонската јавност. А ако сакаме погрешно да ги толкуваме речениците, односно мислењата, тоа е нешто друго. Но, зачудува фактот, се критикува министерот Фетаи, а ништо добро во работата на министерот Фетаи опозицијата воопшто, а посебно господата што дискутираа од СДСМ не можат да најдат нешто добро што работел и во времето кога бил зафатен во реформите во банките, така барем и за обидот, односно за работата на министерот во смисла на слободната трговија. Јас мислам дека треба да престанеме, бидејќи ако продолжиме со ваков речник, тогаш не е лошо да се напише таму зад вас господине потпретседателе политички маркетинг, односно да почне предизборната кампања и нека биде таа на дневен ред.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас ќе ви одговорам, иако не е напишано веќе почнал маркетингот. Меѓутоа, за процедурално се јави г-ѓица Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Денеска дознавме дека трето име на г. Бесник Фетаи е процедура, заради тоа што ценетиот колега сега побара и доби процедурално право да зборува, а всушност зборуваше за министерот за економија. Меѓутоа, генерално тоа ни се случува во текот на овој ден во Собранието, па претпоставувам дека само сме дел од општата клима. Јас би сакала само процедурално да интервенирам до етикетите кои што ги упати за жал координаторот на Пратеничката група на ДПА. Мислам дека беше ред и вие потпретседателе да интервенирате, како што интервенирате кога зборуваат други пратеници надвор од темата, бидејќи денеска точка на дневен ред не ни е закон за измена на нечиј менталитет, па вклучително и на менталитетот на некоја пратеничка група, туку имаме друг конкретен закон за кој што г. Дика не зборуваше.

Втората процедурална забелешка до координаторот на пратеничката група на ДПА би била следната. Доколку г. Дика смета дека аргументите во одбрана на предлогот на г. министер за економија се слаби, па има потреба да цитира амбасадори на странски држави, тогаш покрај цитатот кој што го наведе овој пат, можеби треба да го прочита, па дури и пред македонското Собрание цитатот во кој што истиот тој амбасадор на истата држава САД но во една друга прилика зборуваше за корупцијата и криминалот кои што владеат во еден сериозен сектор економски на оваа држава т.н. царина. Значи, кога ги читате материјалите на СТО покрај тезите со кои што толку лесно манипулирате би рекла, либерализација, антимонополско работење, можеби ќе треба да прочитате дека еден од предусловите за вистински развој во економијата е да имате чиста економија и чисти правила на игра што во овој случај не постојат. Затоа велам ако цитираме туѓи изјави, да бидеме малку поšироки.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Внимавајте, пред малку ви реков дека немаме интерпелација против министерот. Тема на дневен ред е сосема друго.

За реплика се јави г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Бидејќи јас дискутирав за законот и кажав се што имав да кажам. Само слушнав една невистина, а неможам да ја премолчам невистината што ја кажа г. Флоровски дека му кажал г. Черкезов дека ние не сме имале 200 ДМ да платиме за штаб. 600 ДМ нека бидат. Тоа е значи за три месеци, 200 е месечно. И нека знае г. Флоровски дека е платено однапред за сите месеци. Тоа е првиот што го имаме штаб во Белата куќа, нека знае дека втор штаб без пари ни дадоа, значи и без пари добиваме во Хотел "Македонија" во строгиот центар и третиот кај реката Курделес. Три штабови. И уште нешто што вчера ми го рекоа граѓаните од Битола. Кога ме сретнаа од ВМРО-ДПМНЕ луѓето ме прашуваа, зошто избегавте? И знаете што ми рекоа? Дури сега те сфативме зошто избега од ДПМНЕ, сега знаеме сите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине потпретседателе, јас го користам моето деловничко право по втор пат по општиот претрес да се јавам. Бидејќи бев испровоциран од настапот на министерот за стопанство и таман се израдував дека дојде предлагачот на законот да понуди дополнителни аргументи со кои би не убедил да го промениме нашето мислење, тој ни две ни три, па тоа го кажа и тој дека не го интересира мислењето на опозицијата, тој ни две, ни три, почна да ја игнорира опозицијата. И обично така бива со оние луѓе кои немаат сила на аргументи да разговараат и да полемизираат за вака суштински законски проекти и кога немаат такви аргументи и не го користат тој аргумент за убедување и во таа полемика да се дојде до некое поадекватно, пооптимално решение ја користат силата на мускулите, полугите на власта, својата лична востраственост дека се во небо дигнати и повикуваат дури на директни дуели и судири насамо не знам каде вон оваа сала. Јас размислував за овој час, час и половина откога ја даде таа понуда, јас да му ја прифатам таа понуда насамо со него, незнам од кои причини. Меѓутоа, не гледам ни една причина со таков човек насамо да се остане по ниедно прашање, ниту да се полемизира насамо. Затоа дозволете во оваа сала онаму каде што нам сите ни е местото да полемизираме позаконски проекти да дадам дополнителна аргументација во одбрана на моите ставови што во прелиминарната дискусија ги кажав. Вие денеска г. пратеници што му верувате повеќе на министерот и ја игнорирате опозицијата имаме пред нас прилика да ги видиме двата текста на истиот законски проект и тоа го имаме првиот текст од декемри 2001 година кога овој закон беше понуден како предлог за донесување на закон за стопански комори и денешниот закон т.е. втората верзија Предлог-закон за стопански комори. Некои од претходните дискутанти во општата расправа спомна, не треба да се повторуваме меѓутоа вреди да се потсетиме спомна дека токму во тој предлог на законот за донесување на Закон за стопански комори во оној круцијален член по кој денеска најмногу копја се ломат овде во оваа сала. Дозволете да ви прочитам што пишува во образложението. Инаку за потсетување, на тој законски текст на предлог-законот за донесување на Закон за стопански комори предлагач е Владата на РМ. Претставници се г. Бесник Фетаи, министер за економија, Аљоша Беговски, заменик на министер за економија, а повереци се Виолета Маџова, државен секретар во Министерството за економија и Вера Пепелничка, советник во Министерството за економија. На овој денешниов закон предлагач е исто таа иста Влада, претставници се истиот министер, истиот заменик, во поверениците има промена на едно име. Се прашувам дали е тој истиот министер од декември 2001 година и овој денешниов од јули 2002 година кој во образложението на тогашниот текст ќе го рече следното: заради поседување на поголема транспарентност и организираност на правните субјекти според нивната основна дејност се пристапи кон изработка на овој предлог-закон за донесување на закон за стопански комори со кои се формираат четири комори и тоа: индустриско-трговска, земјоделско-шумарска, туристичко-угостителска и занаетчиска комора. И сега истиот тој да оди во така радикално решение каде што во членот 4 вели дека повеќе од два стопански субјекти можат да се здружат и да формираат стопанска комора. Ние цело време како опозиција тврдиме дека реформи во комората која била оценувана на повеќе пати дека е како систем инертна и не ги задоволува севкупните интереси на сите субјекти здружени доброволно во таа асоцијација, дека треба некои реформи во тој правец да се направат. И токму во тој текст на Предлот законот го гледаме тој битен и суштински момент да се направат тие промени околу формирање на четири комори како што се индустриско-трговската, земјоделско-шумарската, туристичко-угостителската и занаетчиската комора. Во меѓувреме што се случува? Господинот Бесник Фетаи успева да го продолжи својот студиум на Економскиот факултет во Скопје, за 6 месеци стекнува таква висока едукација и станува уште поголем експерт по економија и го понудува овој новиот текст кој навистина сега створа забуна во нашите глави овде. На кој Бесник Фетаи да му веруваме, на тој од декември 2001 година кој исто е потписник на овој текст, или на овој денешниов кој е потписник на денешниот текст. И како е можно за едно вакво круцијално прашање каде што без разлика дали полемизираме вака, или така, без разлика дали браниме еден став, или друг, сите се согласуваме дека ќе има суштинско влијание врз севкупните стопански движења за сите економски

субјекти во државата овој закон каков ќе биде, тоа се усогласени. Значи, независно од која страна дали сме позиција, или опозиција. Како е можно за нецели 6 месеци да настане ваква драстична промена во главата на предлгачот. И сега доаѓаме до онаа суштинска теза дека, како што спомна г-ѓата Марковска вели, точно е тоа дека овој член што ги буни овие што дискутираат како што ние не дискутираме, дека можат повеќе од два субјекти да формираат, меѓутоа тоа во пракса нема да се случи. Од каде ви се тие сознанија дека нема да се случи? Еве, прво што ќе направам јас да ја злоупотребам оваа дупка да ја наречам во законот, ќе ви понудам на вас, ќе најдеме некоја фирма со вашата фирма што ја имате да створиме стопанска комора, бидејќи вие имате битно влијание врз таа комисија што ќе се формира, да ви дадат една канцеларија во центарот на Скопје од постоечката зграда на Стопанска комора и сме завршиле работа. Не мора ние да оствaруваме интереси други внатре. Со самиот чин на регистрација во првите три месеци од стапување на сила на овој закон, ние автоматски застануваме во ред на чекање за добивање на имот од постоечката комора. Тоа така пишува во законот г-ѓа Марковска, така пишува и не може вие да прејудицирате во пракса дека толку сите ќе бидат добри, паметни и умни и дека тоа нема да го искористат. Еве, не да го злоупотребат, туку да го искористат како дадено однапред законско право. Кој на вас ви дошепнал, или ви кажа дека никој нема да се јави, туку сите ќе си се здружеле да си остваруваат незнам какви економски интереси, па дури потоа *ќе* се јавеле да го крчмат имотот на постоечката комора.

Второ, настанува забуна во главите на одредени пратеници околу следното прашање. Досегашниот имот на комората освен иницијалниот капитал што е даден од страна на државата, некоја минорна зграда, или просторија во четириесетите години уште, па нешто потоа со закон формирање во 1962 година сето отпосле е здружување на доброволна основа и плаќање придонеси врз основа на она што било здружување и реализација на одредени интереси во таа асоцијација коморска. Во меѓувреме точно е заради општествените-политички промени, а виза ви тоа и стопанските промени и промена на целокупниот стопански систем во државата точно е дека е дојдено до пререгистрација на општествени претпријатија во акционерски друштва и сега во фирми каде што веќе е номиниран носителот на мнозинскиот капитал во тие фирми. Меѓутоа, точно е и тоа дека токму во истите тие фирми работат од прилика 50%, можеби истите тие работници кои создавале доход, кои од својата уста одделувале, плаќале коморски придонеси не случајно ги набројав само тие попрепознатливи што се во економската јавност во Република Македонија за да сфатите за што говорам. Тие во своите сметководства токму имаат забележано во своите биланси дека од таа и таа до таа и таа деловна година, да се вратиме 20 години наназад дека толку таа и таа фирма платила коморски придонеси. А 0,1% г-ѓа Марковска знаете што значи 0,1% да плати Скопска Пивара 0,1% на својот годишен обрт и Шарско јагне да плати 0,1% на својот годишен обрт? Тоа е небо и земја разлика. И затоа со право без разлика на тие метаморфози во својот економски од и трансформации што ги доживеале фирмите по законска форма токму заради тоа ќе се побунат тие економски субјекти и рабитниците со право, зошто тие што одделувале од својот личен комодитет, од своето лично богатство што го реализирале во сопствените претпријатија, сега едноставно со акт на државата тоа се растура и ќе се каже, слушајте, ова нема повеќе да биде од тие што го создавале, туку ќе биде од некои кои ние ќе кажеме како извршна власт. Ве молам, кажете ми една година од 1990 година наваму и во бившите експертски влади и во Владата на СДСМ како политичка влада и во вашата Влада сегашна колку пари државата и дала на комората. И со кое право сега се прави газда, толку пари сега јас затоа што сум држава ќе ти земам. Па државата имајќи го системот на принуда т.е. војската и полицијата може ако и се посака на некој сулуди генерал да го испотепа и сопствениот народ. Меѓутоа, правиме сега разговор околу тоа дали на тоа има право државата. И зошто впрочем државата, оваа сегашна ваква како што ја конституиравте од 1998 година наваму си зеде право да си го пика носот ама апсолутно и каде што треба и каде што не треба.

Одредени дискутанти мислам дека се оптоварени со персоналните решенија во Комората, дали некој бил 10 години претседател, пет години, две години и тн. Од каде ви е

тоа право како пратеници вие да го бирате, или да го разрешувате претседателот на Комората. Зошто не разбирате дека тоа е асоцијација на доброволна основа која си формира Собрание на таа асоцијација, си формира надзорни одбори како работи во овој сегмент, во оној сегмент комората и тн. И само тие имаат исклучиво право да го номинираат, или да го разрешуваат претседателот, секретарот и незнам кои функции по вертикала одат натаму. Сега вие како пратеник од власта г-ѓа Марковска си земате право да не ви се допаѓал претседателот. Тоа интимно размислување ќе си го задржите за дома. Може и мене да не ми се допаѓа, меѓутоа немам никакво право да разговарам дали да биде разрешен, или да остане таму. Создадете услови да не дофрлуваат.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам г. Илоски продолжете. Мислам дека сугестијата е на место. Не е Ѓулистана на дневен ред, туку е законот.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Значи, тоа се нашите аргументи кои ги кажуваме многу транспарентно и се бориме со тие аргументи. Значи, не можеме да се повикуваме на одговорните или да покажуваме сила кој бил посилен од позиција на власт, што може на опозицијата се да и направи додека бил на власт и да се заплашуваме овде дека нудиме двобој насамо. Тоа да ни бидат аргументите.

Дефинитивно, повторно се враќам на 2-3 клучни прашања.

Прво, вие во вториот законски текст немате никакво образложение. Најодговорните, ниту заменикот ниту министерот понудија некои дополнителни аргументи околу образложението што би не разубедиле да го промените нашиот став. Едноставно велите дека нас не не интересира левата страна што зборува цел ден, ние ќе си го изгласаме законот па дали ви се допаѓа да или не ви се допаѓа. Тоа господо не не води никаде. Точно тоа не води кон дезинтеграција и точно тоа води кон потврда на нашите ставови дека оваа влада без разлика на законски, незаконски рамковни и нерамковни договори на мала врата ја воведе 1998 година и до ден денес перфектно функционира консенсуалната демократија. Еве, во конкретниот случај едната на другата партија прави отстапка затоа што другата на едната партија во претходниот закон за девизно работење им направиле отстапка. Таа консенсуална демократија, како што ние двајца ќе се договориме другите не не интересираат не не води кон интеграција. Или, ако сакате во најмала рака продуцира фрустрирана друга страна опозиција која е миноризирана до тој степен, дури и стручните аспекти и аргументи што се нудат овде апсолутно не се почитуваат. Затоа немајќи ги аргументите стручно да расправаме по оваа тема обично се политизира чисто економски закон, обично влегуваме во непродуктивни реплики кои не одвлекуваат од суштината на законот, а за поткрепа на ова што вие го велите, а јас да го демантирам во ниту еден член од последниот протокол со Светската трговска организација не пишува дека токму овој закон е дел од таа матрица што ние треба да ја извршуваме дел по дел за да станеме полноправна членка на Светската трговска организација.

Втор аргумент, она што го негирате, само кај нас тој неокомунизам сега се појавил во ликот и делото на Стопанската комора на Македонија, јас ве убедувам дека континенталниот систем на коморско организирање е присутно скоро во 70-80% во земјите членки на унијата. Ако не верувате може да проверите дека ваков закон за коморско организирање постои и е актуелен во следните држави: Австрија, Германија, Италија, Франција, Шпанија, Луксембург, Холандија, Грција, Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора. Сите овие земји што ги наброив имаат идентичен модел на коморско организирање. Некаде 70-80% се партнери во нашата надворешна-трговска размена и токму затоа тоа коморско интернационално поврзување е адекватно како модел и е компатабилно на овие земји и членки на унијата и што не се членки на унијата.

Другиот облик што се заговара со оваа радикална промена од фазата Предлог закон до фазата носење на закон, значи другата форма на коморско организирање е така наречениот приватно правен модел каде што настанува одредена асоцијација која функционира на принцип на акционерско друштво и ги штити интересите на акционерите, или имаат призвук на друштво со ограничена одговорност. Такви примери на комори имаме само во Велика Британија, Данска и Ирска, но истите тие,

прочитајте ги и нивните законодавства не се организирани според закон за стопански и трговски комори, туку делуваат како трговски друштва соодветно законите за компаниите, што е сосема поинаку во однос на континенталниот модел. Значи и тие аргументи што ги кажуваме и тоа спротивно на овие аргументи кои се ноторни факти, имате и амбасади на горе споменатите држави можете да проверите дека не ви вредат во објаснувањето на законот.

За членот 34 можеме да дискутираме уште 6 месеци и да не се договориме. Ние имаме право да не веруваме на оваа влада во нејзината чесна и искрена намера дека ќе формира комисија на која крајна цел нема да и биде да го раскрчми пошто зашто имотот 80 години создаван од еден субјект во државата. Немаме никакви намери да самокритизираме и да бидеме критизери, меѓутоа со вашите конкретни постапки не убедувате токму во ова што сега јас го кажувам. Дозволете и да имаме право некогаш на потсвесен страв дека ова растурање ќе не доведе до големи дисторзии и проблеми во целокупното стопанство.

На крај краишта не е чесно толку да се брза за последните 2,5 месеци од мандатот еве уште ова да го направиме, па сите работи во државата сме ги завршиле. Апсолутно ниту ќе умре оваа држава, ниту во небеса ќе се дигне ако се донесе или не се донесе овој закон. Затоа чесно е на сите овие критики и прозивки на некој начин да отстапите од овие намери овој закон да го донесете.

Како последен и најголем аргумент, кога ваков клучен закон се носи во две фази праксата го покажала следното. Сите мислења од јавната расправа што е одржана, а не е одржана и сите мислења од работата на собраниските тела или комисиите да се земат предвид. На крај краишта кога се носи закон во две фази токму тој период од носењето на Предлог законот до извршување на самиот закон ги инкорпорира во себе сите расположенија на целокупната јавност која е заинтересирана со оваа проблематика.

Ако имаме аргументи дека токму во тој период апсолутно е негативно решението да се прибегне кон едно вакво радикално свртување на текстот тогаш најдоблесно е министерот да го повлече текстот, да го понуди барем во најблага форма наречено предлогот за донесување на закон и тогаш може со ситни козметички измени да го донесеме законот како што треба.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика се јави госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, мене ми е драго што г. Илија Илоски се јави по втор пат и конечно ги разрешивме дилемите и видовме - дека ние навистина размислуваме во два сосема спротивни правци. Тоа е многу нормално заради партиите на кои што припаѓаме.

Прво, ако господинот Илоски го прочитал Деловникот за работа на Собранието ќе сватил дека никаде, ама токму во ниту еден член не стои дека Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон треба да имаат истоветна содржина. Значи, не треба да се повикуваме на тоа дали е иста гарнитурата што го предложила овој закон, се разбира со малициозната забелешка дека г. Безник Фетаи во меѓувреме станал магистер. Тој можел да докторира, можел да направи 5 докторати, меѓутоа тоа ништо немало да промени во сверата во која што го предложил. Тоа му го дава правото на него и на екипата која што го предложила овој закон, а зад овој закон стои многу поголема екипа од онаа што е ставена овде, да ги понуди предложените решенија. Впрочем со тоа и самиот тој на крајот влезе во контрадикторност со тоа што рече дека јавната расправа треба да даде одредени сознанија кои што ќе треба да бидат вклучени во Предлогот на законот за стопански комори. Јавната расправа не значи само тоа што мисли СДСМ, читај досегашната стопанска комора од причина што слушнавме досега од него и од претходните дискутанти напишани дискусии од вработените во Стопанска комора.

Што се однесува до консензуалната демократија ќе му кажам дека овој закон не се носи со консензуална демократија. Овој закон се носи со просто мнозинство меѓутоа демократија е се она што ќе го изгласа мнозинството во овој Парламент. Дали тоа него му се допаѓало или не му се допаѓало е друга работа.

Тоа што го мешаше Рамковниот договор и унитарноста на оваа држава за нас од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ додека донесувањето на

Рамковниот договор беше проследено и со тешкотии токму кое копче ќе го притиснеме овде, за некого беше земете го мирот и ни точка ни запирка не менувајте. Е, сега после, условно т.н. смрт нема живот, бидејќи тоа што е донесено во Рамковниот договор овој состав и ова Собрание сакало или не ќе мора да го донесе, а бидејќи ние принципиелно правиме отпор додека може да се донесе а тогаш кога ќе се донесе понатаму гласаме и се усогласуваме, очигледно дека некој живее во погрешен свет. Тогаш кога требаше овде Рамковниот договор и Уставот да се донесе без да предизвика да биде предмет на различни интерпретации тие го фаќаа мирот со двете раце, а ние овде зборувавме друго. Сега очигледно ќе мора договореното да го почитуваме.

Што се однесува до забелешката во врска со тоа дека јас го менувам претседателот Душан Петрески, јас во текот на овие 10 години во ова Собрание, 8 години сум, верувајте никогаш не сум се запознала со претседателот Душан Петрески. Зборувам од аспект на тоа што тој веќе 8 години е претседател. Нема потреба јас да го сменам. До пред 6 месеци тој беше регуларно, согласно органите на досегашната стопанска комора, која што дефакто живее и работи веќе не е претседател. Според тоа не можам да си го однесам дома и немам намера тоа може да го стори г. Илоски сокого што очигледно е пријател.

Сега ќе поминам на членовите.

Во членот 9, во кој што се вели "основачи на комора можат да бидат најмалку две правни или физички лица". Точно е дека има промена, меѓутоа тоа што тој го зборуваше дека ќе постојат 4 комори ама апсолутно со ништо не се коси со предложениот член. Можеби дефакто и само 4 ќе бидат, можеби помалку, а можеби и повеќе, меѓутоа она што го зборува правната логика, а тоа е ако ги проследите начинот на организацијата на асоцијациите на коморите, зборувам асоцијациите, не зборувам заедна, за две или три комори, колку што ќе се регистрираат. Истите нема да можат да функционираат ниту физички, ниту материјално, освен само на хартија ако на нив не им се приклучат поголемите субјекти кои што досега дефакто го имаа клучниот збор во коморите. Тоа значи ако зборуваме за сверата на прехранбената индустрија, или за пивара, која што очигледно најголем притисок извршила врз претставниците на СДСМ, ако тие не бидат претставници во една од поголемите комори тие дефакто нема да може да функционираат. Меѓутоа, сега тргнуваме од обратен принцип. Не да се повика пиварата, или цементарата овде кои ќе бидат во неговата асоцијација, туку малите да почнат да се групираат, средни претпријатија и потоа во зависност од тоа колкав ќе биде бројот на собраните правни и физички субјекти да го повикаат и оној кој што досега бил најрелевантен. Тоа е повторно начин на размислување, ние куќата не ја правиме од кровот, туку ја правиме од темелите и заради тоа очигледно не можеме да се разбереме.

Што се однесува до имотот, а очигледно овде најмногу е засегнат г. Илоски и претставниците од Стопанската комора велат вака: како е можно некој што си го создавал имотот сега, бидејќи Комората постоела и порано, од 1945 до 1990 година истата Комора работеше и беше создавана со државни пари. Понатаму се направија акционерски друштва и приватни претпријатија за кои што очигледно сега никој не може да дигне глас, тука мислам на Фершпед, на Усје, на Пивара која што има добра реклама, па ниту еден од весниците не може ништо да каже, мислам на Алкалоид, на Емо и многу други. За нас приватизацијата во тие сегменти е завршена затоа што каква била, што била освен не било со финансиски малверзации кои што ќе треба да се докажат на суд приватната сопственост по Уставот е неприкосновено право.

Доколку тие имаат свој имот, еве повторно ќе го прочитам членот 44 кој член секој го толкува селективно. Овде се вели вака: "имотот за кој што ќе се утврди дека е сопственост на Стопанската комора на Македонија ќе се пренесе на новооснованите комори." Значи, ако плаќале пари ќв имаат можност да си го вратат тој имот токму преку новооснованите комори кои ќе бидат носители, а останатиот имот останува во сопственост на Република Македонија. Сега очигледно е дека на некого му недостасуваат документи да си го прикаже имотот, ако тој навистина бил граден од приватни пари. Тоа е веќе проблем на тие што ќе бараат на суд да си го добијат тоа свое право. Тоа никој не може да им го оспори бидејќи законот им го дава. Ниту министерот ниту ние се повикуваме дека овој закон мора да биде формулиран вака. Дури тоа и

посебно стои - во оваа област не постојат директиви, регулативи на Европската унија. Значи, никој не вели дека законот мора да биде концепиран вака. Сите ни велат ослободете се од баластот од една гломазна организација која не може да функционира, а ваквиот начин ве уверувам дека ќе го даде најдоброто во смисла на асоцирање на малите и средни претпријатија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика се јави г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Дозволете неколку збора и со тоа би завршил, понатаму не би навлегувал со неја во дијалог.

Јас госпоѓо Марковска за сите економски проекти што ги имате овде носено и отпосле се има покажано дека се погубни за оваа држава, ќе ви донесам ако успеам преку стручните служби стенографски белешки да ви кажам, што вие, што ние од оваа страна имаме говорено. Вие, опростете ми, меѓутоа како да имате една снимена голтната касета и истото го говорите кога ја продававте Окта, кога го продававте Телеком, кога ја растурате Комората, кога не знам што правите во економскиот систем и се истото го кажувате. Доште странците и на вас ви кажале ослободете се од овие неокомунистички чудовишта, па ајде ви се молам. Па, ви прочитав 10-15 земји каде што на исти принцип, т.н. континентален принцип на организирање се организирани коморите во тие држави. Ако тие така ви сугерираат, што тие не се ослободат. Или, кажете им на тие што ви рекле така, јас се сомневам дека ви рекле, често пати знаете и да ги злоупотребувате и странците и Светската трговска организација и Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, ниту сте се сретнале, ниту сте се виделе, ни рекоа така. Па, на крај краишта што ако ви рекле. Кога дискутиравме, за законот за земјоделие, кога на Марјан Ѓорчев му викавме Марјане не оди ова вака, тој ни вика ова вака е во Данска. Значи, кога ви одговара така е во Данска. Еден пријател ме сретна во Ресен и ми кажа што не му кажа дека Данска е 5 илјади километри од Скопје далеку. Сега доаѓате со тој аргумент, како гол факт го нудите овде, знаете, нас ни рекоа странците тоа. Нели првобитниот текст е ослободување точно од таа гломазна инфраструктура во Комората како една глобална асоцијација. Постои суштинската реченица, која нас ни се допаѓа и од истиот министер е напишана. Дозволете госпоѓо Марковска да ви ја прочитам ако ја сватите мојата поента за цело време што дискутирам овде. Вели: "За постигнување на поголема транспарентност и организираност на правните субјекти според нивната основна дејност", и се бројат 4 основни дејности што во глобална структура го опфаќаат целокупниот економски систем и целокупната економска структура во Република Македонија. Госпоѓа Марковска, значи тогашниот текст, првобитниот текст беше дека организирањето и натамошното делење на Комората ќе настане исклукчиво само во еден единствен валиден критериум според основната дејност на претпријатијата што се сега организирани во една асоцијација. Сега вие велите во право е кога вели законот така, во право е дека двајца луѓе утре може на улица да се сретнат и да немаат основна дејност, едниот да има туризам, другиот земјоделие, или едниот индустрија, другиот компјутерска технологија и да речат ајде ние да си направиме комора и уште истиот ден кај вашата комисија што тврди дека ќе биде независна владина комисија која *ќе* правела проценка на активата и пасивата на Комората сегашна каква што е, веднаш да се пријават на ред на чекање за нивниот имот.

На крај би завршил. Често пати кога со вас полимизирам упатувате лични критики на мојата личност велејќи дека јас сум лично засегнат за имотот на Комората.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

Во контекст на тоа ви го нудам досега целокупниот мој стекнат имот, од прадедо, од дедо и татко и мој лично во замена со вашиот. За еднаш да ги расчистиме моите и вашите лични и нтереси. И, не е пристојно од ваша страна кога јас говорам за принципи, а вие ми лепите етикети дека јас конкретно Илија Илоски, имам личен интерес во комората. Јас немам никаков личен интерес во комората јас овде бранам принципи...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Илоски, ќе ви го земам зборот. Говорете за законот.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Или, на крајот на краиштата може да е и заблуда, меѓутоа имам право и на заблуда. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Илија Илоски.

За збор се јави г-динот Муарем Таири.

**МУАРЕМ ТАИРИ:**

После вакви реплики се повлекувам од правото да зборувам. Мислам дека се заморивме премногу. Ништо не зборувавме за законот. Затоа се повлекувам, не сум способен да кажувам ништо повеќе околу законот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Муарем Таири.

За реплика се пријави г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо пратеници, (џагор во салата, а пратениците бараат претседавачот да воспостави ред).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Мене ме радува што барате некој да ве слуша, меѓутоа кога зборуваат другите, вие не сте дисциплинирани, затоа продолжете, повелете.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо пратнеици, мојата реплика ќе биде кратка, денеска имаме сериозна тема, меѓутоа бев спомнат од г-динот Вангел Симев. Жалам што не е тука меѓутоа тој има стенограм и може да прочита.

Ме изненадува матурантот Вангел Симев што навистина ме испровоцира да реплицирам на неговото јавување од говорницата. Имено, тој тука, пред сведоци јавно кажа дека г-динот Стојменов, неговиот професор фраерот не му дозволува и не му дава 600 марки да отвори канцеларија во Битола. Тоа се негови зборови што ги кажа пред сведоци. Ако тој се повлекува, јас го прифаќам тоа. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Миланчо Черкезов.

За збор се пријави г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, работам 25 години во стопанството, за тоа време не се изморив, а камо ли што седам во овие парламентарни клупи и ги штитам интересите на граѓаните кои ми дале доверба да седам. Затоа, колега од оваа страна, што ми рековте, не се сметам изморен. Напротив, имам ведрина, она што е принципиелно и конструктивно, целото знаење и умешност да го пренесам на Владата на Република Македонија, па да сватат дека треба подобро да работат.

Во мојата дискусија бев јасен. Стенограмот го имате добиено. Сакам јавно да бидам критикуван и да ми се каже дека размислувам субјективно и штитам институција, организација како што е стопанската комора или поединци. Мислам дека бев јасен и дециден. До сега немам ниту еден одговор, дали целосен, половичен или незначаен, барем обидете се според стенограмот да одговорите на едно поставено прашање, да се види. Ве молам, тоа го барам во текот на утрешниот ден ако не денеска.

Второ прашање, ние немаме две различни м исленьа, што рече почитуваната колешка Ѓулистана. Треба да имаме различни приоди. Ако нешто не чини, да направиме подобро. Ве молам, колега или колешке Ѓулистана ве слушам по кој знае кој пат, да не знае човек дека сте по професија медицинар, ќе мисли дека сте најискусниот стопанственик, менаџер.

Во комунизмот, во еднопартискиот систем важеше кој повеќе работи, така да добие функција, било добро, било лошо. А, колешке, за тебе Марковска, за тебе важеше единствениот критериум, бевте организатор и носител на штафетната палка. И тоа е вашата база и од тоа не може да помогнете. Немојте, како да не етикетирате, вие сте пионерот од тоа време, младинецот...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Чифлиганец, држете се до темата, ќе ви го земам зборот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ве молам. Затоа ве молам, денес да ви биде последен пат некои пратеници овде да навредувате, затоа што нема мали луѓе. Нема мали и големи претпријатија. Има луѓе кои се способни многу, кои се помалку или во границите на своите можности даваат придонес. Затоа треба стопанското организирање да го направиме да биде стимулативно и тоа да биде во закон. Ако е претпријатието големо, во стопанскиот амбиент, економски да се вклопи во економското организирање. И да е мало, пак да се стимулира. Нема тука мали и големи, како што можеме да се делиме на мали и големи партии, или мали и средни партии.

Апелирам, тоа што е успешно во Македонија, во стопанството на Македонија, што било 50 години или 20 или во последните 10 години, нема смисла од нашата уста, од оваа парламентарна

говорница ниту претпријатијата, ниту менаџерите кои ги водат институциите и организациите, директно или индиректно да ги девалвираме, затоа што сакале или не сакале во овие сложени техничко-економски услови на стопанисување на сите граѓани на РМ ќе им требаат. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Ванчо Чифлиганец.

Мислам дека повеќе требаше да посветите внимание на законот а не на поединци.

За реплика се јави г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, сосема накратко, бидејќи неколку пати се воздржувам на заканите што ги има упатено овој пратеник на моја адреса, да не одговорам.

Прво, не се срамам од моето комунистичко минато. Апсолутно не. Јас сум растела и сум живеела во тоа доба и многу ми е драго што сум успеала тој начин на размислување да го тргнам и да размнислувам на новата свера. Според тоа, ако мисли дека со тоа ме навредува, апсолутно не.

Меѓутоа, секогаш кога на таа говорница ќе излезе и ќе почне да се заканува - никогаш да не ми се случи да зборувам, ќе го бранам своето право да зборувам заради тоа што секој од нас ако мисли дека е претставен од граѓаните, колку е тој претставен и има моќност и начин да ги претстави своите гласачи, исто така и јас. Тој, веројатно за себе мисли дека е попаметен или најпаметен. Му го оставам тоа право. Јас, за себе реков и се оградив, за делот што го познавам можам да зборувам, за делот не, меѓутоа молам законите да си ги сочува за дома, а не за овде.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-ѓа Ѓулистана Марковска.

За реплика се јави г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Кога се асоцираше на времињата, најмалку мислев да девалвирам поедини колеги и колешки, туку само сакав да кажам, кога нешто ни одговара, можеме да препишеме и да не го етикетираме. А кога не ни одговара, ние сме од другата страна. Ве молам, во тој контекст сакам вие колеги пратеници и оние кои ме слушате да ме сфатите. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-дино Ванчо Чифлиганец.

За збор се пријави г-динот Никола Поповски. Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам. - Господине потпретседателе, почитувани пратеници, би сакал да искажам неколку мои видувања во врска со законот во оваа фаза, иако знам дека Собранието расправа цел ден по овој закон, иако знам дека многу дилеми се испоставени, сепак би сакал да ги соопштат моите видувања иако е тоа дозволено во овој Парламент, иако имам впечаток дека веќе одамна не е дозволено, особено кога има министри како господинот министер за економија кој апсолутно се на страна од она што се случува во парламентот и да ми се биде одговорено на некои мои дилеми.

Прво, јас сум убеден дека овој закон или треба да биде закон од техничка природа. Законот што апсолутно во парламентот не треба да предизвикува политички дебати и треба со неколку амандмански интервенции од пратеници кои мислат дека можат технички да го подобрат, да помине во една најредовна процедура. Дури мислам дека овој закон, за разлика од другите и заслужува да биде во една фаза, иако најчесто критикувам такви закони. А, мислам дека треба да биде во една фаза затоа што не е проблематика што прв пат се уредува и што едноставно може со пократка процедура во парламентот да се донесе.

Меѓутоа, исто така мислам дека со оваа Влада на г-динот Љупчо Георгиевски и особено предлозите што во името на Владата, овде ги брани, во името на Владата на Љубчо Георгиевски, г-динот Бесник Фетаи, можат ама буквално од секој закон да направат скандалозен предлог и буквално од се што ќе доставаат до собранието да направат политичка дебата што ќе прерасне до карактер да некој, кој нема никаква врска со законот, од последниве реплики гледаме, да не потсетува сите дека имал или немал комунистичко минато, без разлика дали е од оваа или од онаа партија.

Тоа е последица на, јас би соопштил еден покултурен збор, несозреаноста на владата, несозреаноста на премиерот Георгиевски и апсолутната несозреаност на г-динот Бесник Фетаи, да можат во Собранието да доставаат предлог што треба да им помине. Напротив, постојано доставуваат предлози, што,

наместо да поминат, ќе ја подигнат целата тиња во ова општество, почнувајќи од времето на комунизмот до денеска, за една најобичн работа.

И, зошто е тоа така? Тоа е така затоа што оваа Влада на Република Македонија има амбиција да за организации како што се комората и други, кои прво не се државни институции, туку кои се здружувања на приватниот сектор во оваа држава, сакаат да направат такви проблеми да, ако тие не можат директно како Влада да стават рака на нешто, тогаш бар да го растурат тоа што постои, во смисла не дека треба да го зачуваат во истата форма тоа што постои, туку во форма кога целосно ке го растурат тој сектор што припаѓа на навладиниот дел од оваа држава, како што е Комора, невладини организации и друго, да го преземат врз себе. На тој начин да воспостават контрола.

На пример, незнам зошто Владата има потреба во овој закон, навистина не знам, зошто има потреба да ни нуди членови во кој може стопанска комора да формираат две физички лица кои вршат занаетчиска или стопанска дејнсот. Овде, по терминологијата на законот, физички лица кои вршат дејност. Замислете во било која дејност во Македонија физички и правни лица да ја прифатат логиката на Владата, па ако имаме во една област регистрирано, а имаме области со регистрирани 10 илјади субјекти, како трговијата, земјоделието, производство на текстил и нешто слично, да почнат да функционираат неколку илјади комори. Законот таа можност ја дава и Владата упорно ја брани. Тогаш практично ќе немате комора.  Затоа што 5 илјади комори значи дека не постои комора.

Она што е уште поинтересно е членот 28, на начин на кој тој е формулиран, говорено од овој аспект. Членот 28 вели:

"Комората може да врши јавно овластувања утврдени со закон". И сега, тука нема никакви дополнителни услови. Надзорот над јавните овластувања ги врши Министерството од соодветната област и за вршењето од овластувањата комората поднесува извештај до соодветното министерство.

Со оглед дека г-динот Фетаи и г-динот Георгиевски, во крајна инстанца нудат закони според кои две физички лица можат да формираат комора, а таа комора може да има јавни овластувања утврдени со закон што ги дава министерот, може да се случи во оваа држава министерот Фетаи, по своите добри политички и деловни обичаи, што ги демонстрираше во изминатите 3-4 години во Владата, да предложи некоја комора формирана од две физички лица во некое подшарпланинско село, да добие јавно овластувањ утврдено со закон и, согласно со законот, тој ќе соопшти на овој парламент дека - јас тоа овластување го дадов согласно со законот што вие, господо пратеници го изгласавте и вие господо пратеници што толку жолчно го браневте во последните 2-3 часови.

Јас лично мислам дека, кога вакви закони се нудат, Владата е должна да образложи и политика што ќе произлезе од овие закони. Односно, да образложи што мисли да прави врз основа на членот 28 како политика во иднина? Ако не образложува, па дури за оваа конкретна Влада и ако образложува, јас не би верувал, затоа што законската можност очигледно е посилна од било кој збор кажан во ова Собрание, од било кој од министрите, вклучувајќи го и премиерот. Особено што мислам дека г-динот Бесник Фетаи ќе води политика, ќе води политика што нема да оди во интерес на штитење на оние кои се здружуваат во стопански комори, туку напротив, ќе оди кон политика што ќе овозможи интересите заради кои физичките и правни лица се здружуваат во комори, да го заобиколи со некоја институција што тој ќе ја промовира.

Второто прашање е што мислам дека ќе произлезе од овој закон во иднина како консеквенца, е што Законот за стопански комори, по природат; на работите една од најјаките комори во државите се коморите што се бават со економска дејност или ги здружуваат членовите што се бават со економска дејност, ќе почне било кој пратеник во овој парламент, ќе почне Владата да размислува зошто соодветниот начин на организирање на коморите, овој пат не само стопанските, не се примени и во други дејности. Па, зоштс по тоа логика, не пристапиме кон Нотарската комора на РМ, кон Адвокатската комора на РМ, кон Докторската Лекарската, како се вика комора на РМ, и да не набројувам уште колку комори се формирани врз основа на закон или врз основа на закон вршат јавни овластувања или сопствени овластувања што се однесуваат на јавниот живот, односно на секој од нас.

Еве, јас на пример, може би малку претенциозен, меѓутоа практичен пример. Ако во делот на стопанските комори даваме можност две физички лица кои се бават со стопанска дејност или две правни лица да формираат комора и, врз основа на

тоа да го влечат правото што произлегува од членот 34 и 35, прашувам - зошто Владата на РМ, тоа исто право не го примени во делот на медицината? Па, на пример, да ни дадениот закон со иста логика. Па, на пример, да каже дека секој кој се бави со медицинска дејност, на пример од инфективен карактер, бар две такви лица можат да формираат лекарска комора за таа дејност. И, дека инфективната клиника на РМ, со својот имот ќе треба да им помогне на сите кои што се формирале. А, дека Лекарската комора ќе мора да ги трансферира своите права во неограничен обем натаму.

И сега, соодветно на тоа, зошто би штителе комори во други сфери монополски или со закон унифицирани во една дејнсот, а во овој дел би оделе до таква парцијализација да две физички лица тоа можат да го формираат, па врз основа на тоа да стекнуваат права?

Па дури, ако не ми забележите, ако веднаш не реагирате како што обично се реагира во овој парламент кој е политичка институција, практично човек, еве јас сега во овј момент г-дине потпретседателе, се плашам дека ако се обидам да направам една мала компарација во која насока оди ова, дека веднаш ќе почнете да ѕвоните на ѕвончето и да ми кажувате тоа не е темата итн., итн. Меѓутоа е темата.

Еве, јас ве прашувам, врз основа на што оваа држава ќе се брани од можноста некој да припојува по некој друг основ организираност во државата, не мора да е таа од световниот живот, може да е, од духовниот живот. Ако економијата е световен живот, има и духовен живот. Па, како ние ќе се браниме од појавите дека некому му текнало некаде, нешто што припаѓа на РМ, ќе го припојува кон некоја друга држава.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Со вакви закони ние даваме повод на сите да кажат дека тоа се случува. Овде настанува процес на сериозна дезинтеграција на општествените институции, процес на сериозна дезинтеграција на се што е интегративно за едно општество кое формирало своја држава. Ние буквално сме во ситуација во Владата да добиваме позитивни импулси што луѓето од духовната сфера доколку имаат зли намери сега ве следат и ќе ви покажат со прст, ништо поинаку не се однесувам отколку што се однесувате вие во Владата и во Парламентот со вакви закони, секој да си прави што сака и Владата тоа да го штити. Затоа сметам дека овој закон во неколку одредби треба да доживее промени за некој од нив поднесени се и амандмани. Мислам дека Владата треба да биде свесна дека добронамерните амандмани поднесени во овој дел треба да бидат прифатени и не треба по ниеден основ пратениците, од така да кажам владините партии, буквално без потреба и слепо да ги бранат одредбите кои немаат никаква основа. Владата треба да прифати некои од амандманите, а овој закон е уште еден доказ од серијата закони што ни ги нуди господинот Бесник Фетаи, дека закони во една фаза, на начин на кој се нудат, не врват. Би било природно, овие забелешки сега кога ќе ја завршиме расправата да ги доставиме до Владата, да им дадеме месец - два да изготви нов закон, односно друга фаза на Законот да види што од тоа држи, што не, да консултира и други институции и да ни го врати за месец два. Тоа е работа на државната администрација. Меѓутоа, сега ние неможеме за тоа да се расправаме. Господата од Владата овде се дојдени со мандат. Господинот Фетаи им дал задача, овие амандмани нема да ги прифатите, ако дојде нешто од господата од ДПА, евентуално ќе прифатите затоа што јас ќе им го издиктирам тоа претходно по телефон и вие немојте никакви други потези да преземате. Во таква улога Парламентот е ставен, тука министерот не е, нашите дискусии пропаѓаат во вода, нема кој повратно да ги ислуша, мандатот е однапред, како да преговараат овде две меѓународни институции помеѓу себе, со ограничен мандат. До тука е цртата и готово. Во едната институција се претворил господинот Бесник Фетаи. Нему му е се поважно отколку да присуствува овде за дебата за која пратениците еден ден дебатираат, не му е битно што се зборува. Јас претпоставувам господине потпретседателе, ако сега по некоја игра на случаи има овде кворум и ако вие ја затворите расправата ќе преминеме на амандман и на господинот Бесник Фетаи око нема да му трепне за амандманите. Си дал мандат на своите соработници, што ќе прифатат што не. Џабе ние тука дискутираме. Јас ве уверувам од многу аспекти дека пратениците па дури и пратениците на владеачките партии во овој случај се на повисоко скалило на задачите отколку господата од Владата и тоа за жал во овој Парламент во последниве седум, осум месеци се случува по стоти пат. Само да ви кажам колку закони се вратени, откако господинот Љубчо Георгиевски ги потпишал и ни ги доставил овде само заради тоа што опозицијата се буни и само заради тоа што дел од владеачките партии односно нивните

пратеници исто така гледаат дека тоа нешто е ненормално. Да не зборуваме за закон за пасоши, ќе ми го одземете зборот, ако почнам да вршам компарации на вакви видови на закони кои ни ги доставуваат. Има и други, ако сакате ќе ви ги набројам. На пример Законот за избори ни го доставивте со одредби кои предвидуваат двојазични гласачки ливчиња и вие од владеачките партии се солидаризиравте со нас и го вративте. Имаше закон за локална самоуправа во кој господата од Владата ни доставија закон за кој овде, откако три дена расправавме, се јавите министрите Оровчанец и Новковски к рекоа, овие одредби за здравството и за образованието не се добри, како ние да сме им понудиле закон, а не тие на нас. Можам и да кажувам за вакви работи, но, ајде. Немојте да ме провоцирате кога кажувам дека има голем број на случаи, за што навистина има. И работата да е пострашна, не се работи за закони со маргинално значење. Се работи за закони со сериозно значење.

Јас лично кога би бил министер за економија би се загрижел, доколку некој ми доставува ваков закон за стопански комори, затоа што како човек кој е одговорен за состојбата со економијата во Република Македонија, по Уставот, затоа што Владата е одговорна за состојбите во Владата одговорни за економијата се одговорни премиерот и министерот Фетаи.

Ако некој од нас предложеше ваков закон, со три-четири членови, кои се спорни, господинот Фетаи ќе требаше да стане прв овде и да зборува, колеги пратеници овој закон не е добар, овој закон треба да ги штити интересите на стопанството, треба да овозможиме коморите да не се парцијализираат. Ние треба да имаме стимулативни мерки, ако законот овозможува парцијализација, стимулативни мерки за што поголема интеграција, а де не зборувам од кои причини на оваа држава, од нормална ситуација и се потребни поголеми мерки за интеграција. Запнала Владата за секој закон, вака е во Данска, вака е во Норвешка, вака е во Германија. Па не е државата и состојбата иста господа. Во Германија ние еден владика не ја отцепил црквата и ја припоил за француската држава. Во Германија никој не води борба за територија. Во Германија никој на етничка основа не формира разни здруженија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ке морам да ве предупредам. На индиректен начин избегнувате од темата господине Поповски. Тоа го правите многу перфидно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Законот за стопанските комори е само уште еден пример каде владата како политика на Влада, како политика Владата покрај закони води и политика на спроведување на закони. Треба да ни достави закон кој во сферата на коморското организирање на стопанството, ве уверувам ќе нуди закони кои ќе одат по правец на интеграција на таа дејност. Еве за дејноста зборувам господине потпретседателе. Ве уверувам, ние добиваме закон кој мириса на сто километри од Скопје во радиус дека е во насока на дезинтеграција на коморското организирање во РМ. И сега јас да ги прашам пратениците бидејќи Фетаи и Георгиевски немам намера да ги прашам, очигледно не се свесни што се случува во државата, или се свесни па одат во истата насока. Пратениците би сакал да ги прашам.

Дали вие мислите дека овој закон ќе поттикне интеграција на коморското организирање во РМ или ќе поттикне деизинтеграција. Дали дезинтеграцијата што ја поттикнува ќе биде по етничка основа, по регионална основа, видете некој од амандманите кои тука се предложени, а за кои господинот Фетаи ќе треба да даде одговор, има еден амандман од господинот Мевљан Таири, и господинот Фетаи може да ме стави пред еден свршен чин, да амандманот се прифаќа. Значи овој закон го турка коморското организирање во РМ, ве уверувам кон етничка дезинтеграција, кон регионална дезингтеграција, кон гранковна, кон дезинтеграција по дејности. На крајот на краиштата ве уверувам ќе не дезинтегрира и по политички основи затоа што секогаш ќе има по некоја партија во опозиција или незнам каде, што ќе каже не некои членови на кои може да влијае, излезете формирајте посебна, па јавните овластувања ќе ви ги дадам вас, а профитот од јавните овластувања ќе остане кај вас, зошто таа е логиката на функционирање на македонското општество во последниве неколку години.

Јас би сакал господинот Фетаи да ми одговори, со оглед дека ни предложил политика во членот 28, по кои критериуми, по кои принципи, по која политика ќе ги дава јавните овластувања утврдени со закон, за да можам јас како пратеник со чиста совест да кажам, господине Фетаи овој член од Законот е добар, и јас заради таквата вакава прокламирана ќе го гласам. Меѓутоа, човекот не сака да даде а и да даде нема да му верувам. Господинот

Груевски во иста позиција ни кажа пет пати, ако воениот данок, интервентниот ја исполни квотата од 2 милијарди колку што се потребни за буџетот, за вонредно финансирање, јас законот ќе го прекинам пред време, откако ќе ја наполни квотата. Ја преполни квотата за 2001 година, за 6 месеци ја преполнува квотата од 2002, не го укинува. Значи ветувањата на министрите овде не важат за водење на политика. Така и господинот Фетаи. Неговите ветувања не важат, важи само она што е во член 28.

Во тие услови дозволете да кажам, а тоа право го имам дека јас немам доверба дека овој закон ќе вроди продуктивно коморско организирање во РМ и дека врз основа на овој закон господата Фетаи и Георгиевски како негов надреден, нема да вршат манипулации во сферата на коморското организирање. Од тие причини длабоко сум убеден дека во еден гердан што виси на вратот на Македонија со стотици камења по нешто што нема да ја влече во позитивна насока, ова ќе биде само дополнителното каменче и можеби нема да биде пресудното каменче. Меѓутоа, со секој нареден закон по едно каменче и на крај едно каменче од еден грам ќе ја повлече во амбисот државата, затоа што тоа натежнува додека не го измести еквилибриумот. Кога ќе го измести, последното ќе биде некое безначајно каменче и ќе пропадне надолу целата работа. Од тој агол господа пратеници, мислам дека Владата недоволно промислено ни доставува предлози, или барем еден дел од Владата недоволно промислено потпишува предлог за донесување на закон во овој Парламент, во ситуација во која тоа не би требала да го направи. Инаку ова не е прв обид на Парламентот од 90 година до денес. 1992 година имаше еден закон, па после дебати во два-три наврата се повлече, па после имаше во 1995 година, здружение на приватници за коморско организирање, и тој се повлече, затоа што никако не се постигнуваше согласност. Меѓутоа, ве уверувам дека тие закони, гледани од овој агол беа илјада пати подобри. Мегутоа, сега се прави еден обид кој оди сосема на другата страна и јас незнам што во оваа држава треба да се случи, освен да се соопшти дека нема друго освен во некакви други консталации, во овој Парламент да се закажат неколку седници на кои маса закони или маса одредби на тие закони ќе треба веднаш да се поништуваат со измени и дополнувања, за да не се случи пропаста да земе целосен замав.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на госпдинот Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Горанчо Трајков, поднесе амандмани на член 9 став 1 и на член 34 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски поднесоа амандмани на насловот на Предлогот на законот, за менување на член 2, член 4 став 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, за менување насловот на глава 2, за бришење на членовите 9 и 10, член 13 став 1, за бришење на ставот 2 и ставот 3, за бришење на членовите 20, 21, 23, 24 и 25, член 27 став 1 алинеја 3 и 4, за додавање нов член 28-а по членот 28, за додавање нова глава V-*а* и два нови члена 31-а и 31-б, по членот 31, за бришење на Глава VII, за менување на член 34, за додавање нов член 34-а по членот 34, член 35 став 1, за додавање три нови става по ставот 1 и за менување на ставот 2 и за менување на членот 36 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓулистана Марковска поднесе амандмани на член 9 по кои Владата не се произнела.

Колеги пратнеици, очигледно дека немаме доволно кворум, а бидејќи треба да поминеме на амандманско гласање, јас овде ќе ја прекинам седницата.

Ке продолжиме утре по 110-та седница во 12,00 часот.

После 110-та седница ќе преминеме на 109-та седница.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот).